# ГПКТ
# ВОДИЧ ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА ТРГОВИЈА

# GPKT
# UDHËZUES PËR TREGTINË NDËRKUFITARE

# ГПКТ
# ВОДИЧ КРОЗ ПРЕКОГРАНИЧНУ ТРГОВИНУ




**Преглед на ГПКТ Микро - Регионот**

**Pasqyre e GPKT Mikro - Rajonit**

**Преглед ГПКТ Микро - Региона**

Мапите користени во *Водичот* ги изработи ИНСАР Берлин, во рамките на консултациските активности за микро-регионот ГПКТ спроведени за потребите на Институтот ИстВест во 2005 год., од што произлезе објавувањето на *Планот за политика за интегриран развој на ГПКТ.*

Hartat e shfrytëzuara në këtë pjesë *Udhëzues* janë prodhuar nga INSAR Berlin, si pjesë e punës konsulente për mikrorajonin e GPKT-së të cilën e ka ndërmarrë EWI në vitin 2005, gjë që ka rezultuar me publikimin e *Planit të politikave zhvillimore të integruara të GPKT-së*.

Мапе коришћене у *Водичу* је израдио ИНСАР Берлин у оквиру консултацијских активности о микро-региону ГПКТ, које су биле спроведене за потребе ИстВест Института 2005 год., из чега је произишло објављивање *Плана за политику интегрираног развоја ГПКТ-а.*




**Микро-Регион**
Гњилане - Прешево - Куманово - Трговиште:

## Патна мрежа и гранични премини

### Патишта

- Главен пат
- Регионален асфалтиран пат
- Локален асфалтиран пат
- Локален неасфалтиран пат
- Нема информации за патот

- Железничка пруга
- Меѓународен аеродром

### Гранични линии и гранични премини

- Државна гранична линија со граничен премин
- Административна гранична линија Косово/Јужна Србија со граничен премин
- Гранична линија

Integrated Development Policy Plan for the GPKT Micro Region

Status Traffic Network and Border Crossings

scale
5 km 10 km 15 km 20 km
Berlin, Germany 08 / 2006

**Mikrorajoni**
Gjilan – Preshevë - Kumanovë - Tërgovishte:

## Gjendja e rrjetit të komunikacionit dhe vendkalimet kufitare

### Sistemi i rrugëve

- Rrugë kryesore
- Rrugë e asfaltuar rajonale
- Rrugë e asfaltuar lokale
- Rrugë e paasfaltuar lokale
- Rrugë pa informata

- Hekurudhë
- Aeroport ndërkombëtar

### Vijat kufitare dhe vendkalimet kufitare

- Vijë kufitare nacionale me vendkalim kufitar
- Vija administrative kufitare Kosovë/Serbi jugore me vendkalim kufitar
- Vijë kufitare

Integrated Development Policy Plan for the GPKT Micro Region

Status Traffic Network and Border Crossings

scale
5 km 10 km 15 km 20 km
Berlin, Germany 08 / 2006

**Микро регион**
Гњилане - Прешево - Куманово - Трговиште:

## Стање путне мреже и граничних прелаза

### Путна инфраструктура

- Главни пут
- Регионални асфалтирани пут
- Локални асфалтирани пут
- Локални неасфалтирани пут
- Неуцртани пут

- Пруга
- Међународни аеродром

### Граничне линије и гранични прелази

- Државна гранична линија са граничним прелазом
- Административна гранична линија Косово/Јужна Србија са границом
- Гранична линија

Integrated Development Policy Plan for the GPKT Micro Region

Status Traffic Network and Border Crossings

scale
5 km 10 km 15 km 20 km
Berlin, Germany 08 / 2006




**Микро-Регион**

Гњилане - Прешево - Куманово - Трговиште:

## Општини и Население

Општини во микро-регионот

- Гњилане
- Прешево

Област Куманово

- Куманово од 04/2005
- Липково од 04/2005
- Старо Нагоричане од 04/2005
- Трговиште

Жители во градовите и селата

- > 20,000
- 5. - 20,000
- 2. - 5,000
- 1. - 2,000
- 500 - 1,000
- < 500

Гранични линии и гранични премини

- Државна гранична линија со граничен премин
- Административна гранична линија Косово/Јужна Србија со граничен премин
- Гранична линија

Integrated Development Policy Plan for the GPKT Micro-Region

Municipalities and the Distribution of the Population

Sources:
Regional Statistical office Gjilan, data 1991
Statistical Office of Macedonia
Statistical office of Serbia

insar

Berlin, Germany 06 / 2005

**Mikrorajoni**

Gjilan – Preshevë - Kumanovë - Tërgovishte

## Komunat dhe shpërndarja e popullsisë

Komunat e mikrorajonit

- Gjilan
- Preshevë

Zona e Kumanovës

- Kumanova nga 04/2005
- Lipkova nga 04/2005
- Staro Nagoriçane nga 04/2005
- Tërgovishte

Banorët e qyteteve dhe fshatrave

- > 20,000
- 5. - 20,000
- 2. - 5,000
- 1. - 2,000
- 500 - 1,000
- < 500

Vijat kufitare dhe vendkalimet kufitare

- Vijë kufitare nacionale me vendkalim kufitar
- Vija administrative kufitare Kosovë/Serbi jugore me vendkalim kufitar
- Vijë kufitare

Integrated Development Policy Plan for the GPKT Micro-Region

Municipalities and the Distribution of the Population

Sources:
Regional Statistical office Gjilan, data 1991
Statistical Office of Macedonia
Statistical office of Serbia

insar

Berlin, Germany 06 / 2005

**Микро-Регион**

Гњилане - Прешево - Куманово - Трговиште:

## Општине и Насељеност

Општине у микро-региону

- Гњилане
- Прешево

Кумановска регија

- Куманово од 04/2005
- Липково од 04/2005
- Старо Нагоричане од 04/2005
- Трговиште

Број становника градова и села

- > 20,000
- 5. - 20,000
- 2. - 5,000
- 1. - 2,000
- 500 - 1,000
- < 500

Граничне линије и гранични прелази

- Државна гранична линија са граничним прелазом
- Административна гранична линија Косово/Јужна Србија са граничним прелазом
- Гранична линија

Integrated Development Policy Plan for the GPKT Micro-Region

Municipalities and the Distribution of the Population

Sources:
Regional Statistical office Gjilan, data 1991
Statistical Office of Macedonia
Statistical office of Serbia

insar

Berlin, Germany 06 / 2005




**Микро-Регион**
Гњилане - Прешево - Куманово - Трговиште:

## ГПКТ Оддалеченост

Гранични линии и гранични премини

- Државна гранична линија со граничен премин
- Административна гранична линија Косово/ Јужна Србија со граничен премин
- Гранична линија

Integrated Development Policy Plan for the GPKT Micro-Region
Distances GPKT
insar
stadt architektur region
scale
5 km 10 km 15 km 20 km
Berlin, Germany 08 / 2005

**Mikrorajoni**
Gjilan – Preshevë - Kumanovë - Tërgovishte:

## Distancat në GPKT

Vijat kufitare dhe vendkalimet kufitare

- Vijë kufitare nacionale me vendkalim kufitar
- Vija administrative kufitare Kosovë/Serbi jugore me vendkalim kufitar
- Vijë kufitare

Integrated Development Policy Plan for the GPKT Micro-Region
Distances GPKT
insar
stadt architektur region
scale
5 km 10 km 15 km 20 km
Berlin, Germany 08 / 2005

**Микро-Регион**
Гњилане - Прешево - Куманово - Трговиште:

## Удаљености ГПКТ

Граничне линије и гранични прелази

- Државна гранична линија са граничним прелазом
- Административна гранична линија Косово/ Јужна Србија са граничним прелазом
- Гранична линија

Integrated Development Policy Plan for the GPKT Micro-Region
Distances GPKT
insar
stadt architektur region
scale
5 km 10 km 15 km 20 km
Berlin, Germany 08 / 2005

**Водич за прекугранична трговија** ................................. 1

Udhëzues për tregtinë ndërkufitare .................................... 83

**Водич кроз прекограничну трговину** ....................... 161

# ГПКТ
# ВОДИЧ ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА ТРГОВИЈА

Декември, 2006

## Институтот ИстВест

Веќе 25 години, ИстВест (ИВИ), европско-американски „фонд за идеи и активности“, работи на долгорочни проекти чија цел е да се намалат тензиите и да се промовира дијалог и меѓусебно разбирање во критични подрачја ширум светот. Од неговото основање, ИВИ се посвети на зајакнување на дијалогот и на градење култура на спечување конфликти преку остварување соработка во и помеѓу различни групи и заедници

## Проектот ГПКТ

Проектот на ИВИ за прекугранична соработка во Косово, јужна Србија и северна Македонија од почетокот на 2003 година работи на остварување на основните цели за спречување на конфликтите и развој на заедниците во четирите погранични општини што го сочинуваат микро-регионот **ГПКТ – Гњилане** (Косово), **Прешево** (Србија), **Куманово** (Македонија) и **Трговиште** (Србија). Покрај соработката со граѓанското општество преку неколку прекугранични и мултиентички групи (Комитетот за образование на ГПКТ, Младинскиот совет на ГПКТ, Работната група на жените од ГПКТ и Работната група на медиумите од ГПКТ), Проектот ГПКТ обезбедува конкретно насочена поддршка за соработката меѓу четирите општини и централните власти во насока на економски развој и релевантни прашања од доменот на политиките, како што е управувањето со границите и прекуграничната трговија.

Проектот ГПКТ се стреми да ги поддржи општините и деловната заедница во регионот применувајќи комбинација од размена на информации, изградба на капацитетите и олеснување на соработката околу прашањата што ги засегаат и се корисни за сите. Овој **ГПКТ Водич за прекугранична трговија** е дел од активностите во овие рамки, а го приреди и го објавува ИВИ со цел да се поттикне поголем развој на трговијата и на бизнисот во овој регион.

## Предговор

Почитуван читателе,

Ова издание има за цел да ги помогне деловното поврзување и прекуграничната трговија и е дел од пошироките активности за поддршка на прекуграничната соработка, локалните бизниси и економскиот развој во микро-регионот ГПКТ (општините Гњилане, Прешево, Куманово и Трговиште).

Наша цел беше да изработиме книга што ќе им ги обезбеди на претпријатијата од регионот ГПКТ сите неопходни информации за основните системи, правила и прописи за прекугранична трговија, ќе им ги посочи потенцијалните деловни можности и соодветните извори на информации потребни за конкретни подрачја.

Институтот ИстВест (EastWest), преку својот Проект ГПКТ, ја помагаше, координираше и финансираше работата за подготвување на **ГПКТ Водичот за прекугранична трговија**, но иницијативата произлезе од четирите општини во ГПКТ, кои соработуваа во работата на ова поле во текот на изминативе три години и кои посочија дека таквото ширење информации е клучен дел од еден заеднички акциски план за унапредување на соработката за да се помогне локалниот економски развој и да се зајакнат врските меѓу заедниците во регионов.

Истражувањето, собирањето информации и подготовката на нацртот на Водичот ги изврши Центарот за истражување и креирање политки, со седиште во Скопје, под водство на г. Иван Бимбиловски и неговите колеги, кои во текот на септември и октомври 2006 година ги собираа информациите од низа извори на теренот и од централните власти.

Исто така, сакам да ја искористам оваа можност да и се заблагодарам и да и честитам на г-ѓа Емилија Белогаска-Јордановска, која ги координираше работите од името на Проектот ГПКТ и која беше одговорна за уредување на ова издание.

Искрено, се надеваме дека овој Водич ќе Ви користи и мошне сме заинтересирани да ги дознаеме Вашите гледишта и коментари, кои може да ги испратите на gpkt@ewi.info

Со искрени желби за натамошен просперитет и развој на вашиот регион,

Криси Хирст

Раководител на Проектот ГПКТ

Институт ИстВест

## СОДРЖИНА

**Вовед** ........................................................................ 11

1. **Како да основам трговска фирма**?........................................ 12

1.1. **Зошто треба да основам трговска фирма**? ................................12

1.2. **Каква фирма можам да основам**? .............................................12

1.3. **Друштво со Ограничена Одговорност (основни карактеристики)**.....................................................................13

1.3.1. Што е ДОО? ........................................................................13
1.3.2. Кои се основачи на ДОО?......................................................13
1.3.3. Која е целта на основањето на ДОО?........................................13
1.3.4. Кои основачки акти мора да ги има ДОО? ..................................13
1.3.5. Кои се формалностите при основање на ДОО?...............................13
1.3.6. Што треба да содржи фирмата (називот) на ДОО? ...........................13
1.3.7. Кој ја понесува одговорноста за обврските на ДОО? .........................14
1.3.8. Кои се актите на ДОО?...........................................................14
1.3.9. Кои органи треба да ги има ДОО?..............................................14
1.3.10. Како се регулира правото на глас во ДОО?...................................14
1.3.11. Колку треба да изнесува висината на основачкиот капитал на ДОО?14
1.3.12. Колку треба да изнесува висината на основачкиот влог на поединечните членови на ДОО?.................................................15
1.3.13. Кога треба да се уплати основачкиот капитал на ДОО?.......................15
1.3.14. Каква мора да биде структурата на основачкиот капитал на ДОО?...15
1.3.15. Кој ја врши проценката на непаричниот влог во ДОО?........................15

1.4. **Трговец поединец**, **приватен претприемач**, **приватен бизнис** 15

1.4.1. Што претставува приватен претприемач?......................................15
1.4.2. Кој може да биде приватен претприемач?......................................15
1.4.3. Кои видови дуќани може да ги отвори приватниот претприемач?........16
1.4.4. Кои дејности може да ги врши приватниот претприемач? ....................16
1.4.5. Што треба да содржи називот (фирмата) на приватниот претприемач? .. ........................................................................................16
1.4.6. Кој одговара за обврските?.......................................................16

1.5. **Која е постапка за основање Друштво со Ограничена Одговорност (ДОО) во Србија**?.....................................................16

1.5.1. Колку време трае постапката? ....................................................18
1.5.2. Колку чини основањето на ДОО?.................................................18

1.6. **Како да станам приватен претприемач во Србија**? **Што се ми е потребно за да отворам дуќан во Србија**?.........................................19

1.6.1. Колку трае постапката? ...........................................................20
1.6.2. Кои и колкави се трошоците за отварање на дуќан?...........................20

1.7. **Која е постапка за основање Друштво со Ограничена Одговорност (ДОО) во Македонија?**......20
1.7.1. Трошоци? ......22

1.8. **Како да отпочнам сопствен бизнис како трговец-поединец во Македонија?**......23
1.8.1. Колку време ми треба да се регистрирам?......23
1.8.2. Колку треба да платам за регистрација?......23

1.9. **Кои документи ми се потребни за да основам ДОО или да започнам приватен бизнис на Косово?**......24
1.9.1. Каде да се обратам за регистрација?......24
1.9.2. Колку време ми треба да регистрирам фирма?......25
1.9.3. Колку ќе ме чини постапката за основање?......25

2. **Што можам да тргувам во регионот?**......26

2.1. **Кои се најтргуваните производи на ниво на држави?**......26
2.1.1. Од Македонија во Србија......26
2.1.2. Од Македонија во Косово......26
2.1.3. Од Косово во Македонија......26
2.1.4. Од Србија во Македонија......26
2.1.5. Од Србија во Косово......26
2.1.6. Од Косово во Србија......27

2.2. **Што најмногу се тргува во микро-регионот на Гњилане, Прешево, Куманово и Трговиште?**......27

2.3. **Неискористени увозно-извозни потенцијали на микро-регионот?**......27
2.3.1. Што може да понуди Трговиште?......27
2.3.2. Кои производи му недостасуваат на Трговиште?......27
2.3.3. Што може да се извезува од Куманово?......27
2.3.4. Што му треба на Куманово?......28
2.3.5. Кој е извозниот потенцијал на Гњилане?......28
2.3.6. Што побарува Гњилане? ......28
2.3.7. А Прешево?......28

2.4. **Каде да се обратам за подетални информации околу потребите на пазарот во регионот?**......28

3. **Под кои услови можам да тргувам во микро-регионот?**......29

3.1. **Како е регулирана трговската размена помеѓу Македонија и Србија?**......29

3.2. **Во кои рамки се одвива трговијата помеѓу Македонија и Косово?**......29

3.3. **На кои давачки подлежат трговските производи?** .......... 30
3.3.1. Данок на додадена вредност .......... 31
3.3.2. Акцизи .......... 31
3.4. **Каде да се обратам за подетални информации?** .......... 32
4. **Каде можам да најдам трговски партнери?** .......... 33
4.1. **Трговиште** .......... 33
4.1.1. Регистар на претпријатија и претприемачи .......... 33
4.1.2. Деловни Адресари .......... 33
4.1.3. Саемски манифестации .......... 33
4.1.4. Пазар .......... 34
4.2. **Прешево** .......... 35
4.2.1. Пазар .......... 35
4.3. **Куманово** .......... 36
4.3.1. Централен регистар на РМ .......... 36
4.3.2. Регистар на фирми на Стопанска Комора на РМ .......... 36
4.3.3. Регистар на занаетчии .......... 37
4.3.4. Адресари .......... 37
4.3.5. Саеми .......... 37
4.3.5.1. Скопски Саем .......... 37
4.3.5.1.1. Мулти бизнис центар .......... 38
4.3.5.2. Саеми организирани од Стопанската Комора на Македонија .......... 38
4.3.6. Пазари .......... 39
4.4. **Гњилане** .......... 40
4.4.1. Регистри и адресари .......... 40
4.4.2. Саеми .......... 40
4.4.3. Регионален пазар .......... 41
5. **Кои документи ја придружуваат стоката при увоз-извоз?** . 42
5.1. **Купопродажен Договор** .......... 42
5.2. **Комерцијална фактура** .......... 42
5.3. **Товарен лист** .......... 42
5.4. **Уверение за потекло** .......... 43
5.5. **Техничко Уверение** .......... 43
5.6. **Ветеринарно уверение** .......... 43
5.7. **Уверение за прехранбени производи** .......... 44
5.8. **Документ за влез на терминал** .......... 44
5.9. **Транзитна декларација** .......... 44

5.10. ЦЕМТ Дозвола ........ 44
5.11. Осигурителна полиса ........ 44
5.12. Уверение за квалитет ........ 45
5.13. Потврда за регистрација на претпријатие ........ 45
5.14. АТА карнет ........ 45
5.15. Полномошно за шпедитерско застапништво ........ 45
6. Кои мерки за контрола на квалитетот се предвидени? ........ 47
6.1. Меѓународни Стандарди ........ 47
6.2. Гранични инспекциски контроли ........ 48
6.2.1. Еколошка контрола ........ 48
6.2.2. Санитарна контрола ........ 48
6.2.3. Ветеринарно-санитарна контрола ........ 48
6.2.4. Фитосанитарна контрола ........ 48
6.3. Декларации ........ 49
7. Како да го организирам транспортот на производите? ........ 50
7.1. Што ми е потребно да знам и да имам за да можам сам да го организирам превозот? ........ 50
7.1.1. Каква е состојбата со патишта во микро-регионот? ........ 50
7.1.1.1. Трговиште ........ 50
7.1.1.2. Куманово ........ 51
7.1.1.3. Прешево ........ 52
7.1.1.4. Гњилане ........ 53
7.1.2. Каква е состојбата со и на граничните премини? ........ 53
7.1.2.1. Прешево – Табановце ........ 53
7.1.2.2. Прохор Пчињски – Пелинце ........ 54
7.1.2.3. Прешево – Гњилане (Мучибабе) ........ 54
7.1.2.4. Блаце – Хани и Елезит (Ген. Јанковиќ) ........ 55
7.1.2.5. Гранични премини во изградба ........ 55
7.1.3. Кои услови треба да ги исполнам за да можам да превезувам стоки за сопствени потреби? ........ 55
7.1.3.1. Македонија ........ 55
7.1.3.2. Косово ........ 56
7.1.3.3. Србија ........ 56
7.1.4. ЦЕМТ дозволи ........ 58
7.1.5. Колку пари ќе ме чини превозот? ........ 59
7.1.6. Има ли задржувања при транспорт? ........ 59
7.1.6.1. Задржувања на граничен премин ........ 59
7.1.6.2. Време поминато при внатрешно царинење ........ 60

7.2. **Ангажирајте шпедиција!** ....61
7.2.1. Кои услуги можам да ги добијам ако ангажирам шпедиција? ....61
7.2.2. Кои се цените на шпедитерските услуги? ....62
7.2.3. Како да ангажирам шпедиција? ....62

8. **Плаќања и наплати на побарувања, финансиска поддршка на трговијата во микро-регионот** .... 64

8.1. **Начини на плаќање и наплата на побарувања** ....64
8.1.1. Готовински плаќања ....64
8.1.2. Акредитиви ....64
8.1.3. Банкарска гаранција ....65
8.1.4. Документирна (Инкасо) Наплата ....65
8.1.5. Жиро-сметка ....65
8.1.6. Меница ....66
8.1.7. Чек ....67
8.1.8. Лизинг ....67
8.1.9. Факторинг ....68
8.1.10. Компензација ....68

8.2. **Финансиска поддршка на трговијата во микро-регионот** ....69
8.2.1. Банки ....69
8.2.2. Фондови за развој ....70
8.2.2.1. Регионален развој ....70
8.2.2.2. Мали и средни претрпијатија ....71
8.2.2.3. Поттикнување на производството или извозот ....71
8.2.2.4. Краткорочно кредитирање на стопанството ....71
8.2.2.5. Кредитирање на традиционалните занаети ....71

9. **Кои даноци треба да се платат на крајот од деловната година?** .... 72

9.1. **Кратки воведни забелешки** ....72
9.1.1. ДДВ ....72
9.1.2. Данок на добивка ....72
9.1.3. Персонален данок ....73
9.1.4. Како се плаќаат даноците? ....73
9.1.5. Каде да се обратам за подетални информации? ....73

9.2. **Данок на Додадена вредност (ДДВ)** ....74
9.2.1. Што е ДДВ? ....74
9.2.2. Кој подлежи на плаќање ДДВ? ....74
9.2.3. Кога настанува даночната обврска? ....74
9.2.4. Колкава е даночната стапка? ....74
9.2.5. Постојат ли даночни ослободувања? ....74
9.2.6. За кој период се наплаќа ДДВ? ....75
9.2.7. Кои се должностите на даночните обврзници? ....75

9.2.8. Како се пресметува ДДВ и како се плаќа? 75
9.2.9. Кога се поднесуваат даночните пријави? 75
9.2.10. Што ако по основ на ДДВ уплатам повеќе отколку што е потребно? 75

**9.3. Данок на добивка** 76
9.3.1. Кој подлежи на плаќање данок на добивка? 76
9.3.2. Што претставува основа на данокот на добивка? 76
9.3.3. За кој период се пресметува? 76
9.3.4. Која е даночната стапка? 76
9.3.5. Постојат ли некои повлатувања? 76
9.3.6. Кои должности ги има даночниот обврзник? 77
9.3.7. Кој е рокот за поднесување на даночната пријава? 77
9.3.8. Како се пресметува данокот и како се плаќа? 78
9.3.9. Што ако по основ на данок на добивка уплатам повеќе од што треба? 78
9.3.10. Избегнување на двојното оданочување? 78

**9.4. Персонален данок на доход** 78
9.4.1. Што е доход? 78
9.4.2. Кои приходи полежат на оданочување? 79
9.4.3. Кој е обврзан да го плаќа овој данок? 79
9.4.4. Која е даночната основа? 79
9.4.5. По која стапка се плаќа? 79

**9.5. Паушален данок (само Косово)** 79

**9.6. Користете сметководител!** 80

# Вовед

Овој прирачник е наменет за трговците од микро-регионот на Гњилане, Прешево, Куманово и Трговиште, како и за сите оние кои, после многу време поминато во размислување и советување, решиле да почнат да се бават со трговска дејност. Неговата цел е да ја пополни информативната празнина која постои кога станува збор за важечките прописи и постапки од областа на трговијата, а со самото тоа–да придонесе за развој на преку–граничната трговска соработка во микро-регионот.

Во прирачникот накратко е претставен целиот процес на трговија–од самото основање на фирма, преку осврт на најтргуваните производи во микро–регионот, трговскиот режим, деловните партнери, увозно-извозните документи, мерките за контрола на квалитетот и заштита на потрошувачите, организација на транспортот, начинот на плаќање и наплата, финансиската поддршка на трговијата, па се до даноците кои се плаќаат на крајот од деловната година.

Имено, во првото поглавје од прирачникот се дадени формите и начините на основање на фирми, трошоците при регистрација и времетраењето на постапката за основање. Второто поглавје ги претставува најтргуваните производи во регионот и неискористените трговски потенцијали на Гњилане, Трговиште, Прешево и Куманово. Третото поглавје ги содржи договорите кои ја регулираат трговската размена во микро-регионот и давачките на кои што подлежат трговските производи. Четвртото поглавје се однесува на местата каде што можат да се пронајдат трговски партнери. Во петтото поглавје е даден краток преглед на документите кои ја придружуваат стоката при увоз/извоз. Во шестото поглавје станува збор за мерките кои се предвидени за контрола на квалитетот и заштита на потрошувачите. Во седмото поглавје се дадени практични совети околу организација на превозот на стоки. Осмото поглавје дава опис на најчестите начини на плаќање/наплата на побарувањата во микро-регионот како и на начините за финансирање на трговијата. Последното, деветто, поглавје од прирачникот прави осврт на даноците кои треба да се платат и дава поблиски објаснувања околу начините за нивна пресметка и плаќање.

Можеби прирачникот нема да даде одговор на сите Ваши прашања, но неговиот чекор-по-чекор пристап несомнено ќе Ви овозможи да стекнете претстава за тоа како се одвива процесот на трговија во микро-регионот и како полесно да се вклучите во него.

# 1. Како да основам трговска фирма?

## 1.1. Зошто треба да основам трговска фирма?

Постојат повеќе причини кои го оправдуваат основањето фирма. Една од најважните е дека доколку се бавите со трговија, а немате основано фирма и следствено на тоа не ги плаќате даноците, тогаш вршите кривично дело даночно затајување, за кое се предвидени високи парични и затворски казни. Слично на ова, без основање на фирма, нема да бидете во можност да ги плаќате здравствените и пензиските придонеси за Вас и Вашите вработени, што исто така претставува кривично дело, и Ве оневозможува да користите здравствени услуги по поволни услови во случај на потреба. Понатаму, без основана фирма, не можете да се надевате на целосна судска заштита доколку Ви се јават проблеми со наплатата на побарувањата. Исто така, немањето фирма може да претставува и пречка за соработка со легално основаните фирми, заради фактот што ретко која фирма од микро-регионот работи со плаќање во готовина. На крај, ако немате основано фирма, во голема мера ќе Ви биде оневозможено аплицирањето за кредити, бидејќи банките работат само со законски основани претпријатија.

## 1.2. Каква фирма можам да основам?

Законодавствата на сите три земји/административни региони предвидуваат исти видови фирми. Тоа се:

1. Друштво со ограничена одговорност
2. Акционерско друштво
3. Командитно друштво
4. Подружница
5. Јавно трговско претпријатие и
6. Трговец поединец (во Македонија), приватен претприемач (во Србија) односно приватен бизнис (на Косово)

Статистиката покажува дека најдоминантни облици на стопанисување во микро-регионот се трговец поединец, со 76,9% и друштво со ограничена одговорност со 14,3% застапеност во вкупниот број регистрирани фирми во Гњилане, Прешево, Куманово и Трговиште. Воедно, тоа се и најсоодветните форми на постоење на мали и средни претпријатија, и тоа не само во регионот ами и пошироко. Токму од овие причини, ќе се задржиме на особеностите и постапките за основање на овие две форми на стопанисување.

## *1.3. Друштво со Ограничена Одговорност (основни карактеристики)*

Законите во Македонија, Србија и Косово содржат слични решенија за правната поставеност на ДОО. Затоа, кога станува збор за особеностите на ДОО, може да се говори воопштено.

### 1.3.1. **Што е ДОО?**

ДОО е трговско друштво основано од едно или повеќе физички и/или прави лица (најмногу 50), во својство на членови на друштвото, кое има за цел вршење одредена дејност под заедничко деловно име. Притоа, ДОО одговара за своите обврски со вкупниот свој имот, додека неговите членови не одговараат за таквите обврски, освен до износот на ветениот а невнесен влог во имотот на друштвото.

### 1.3.2. **Кои се основачи на ДОО?**

Физички или правни лица. Основач може да биде и едно лице (друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ДООЕЛ).

### 1.3.3. **Која е целта на основањето на ДОО?**

Стопанисување заради остварување добивка.

### 1.3.4. **Кои основачки акти мора да ги има ДОО?**

Договор за основање на ДОО кои го склучуваат основачите (повеќе лица)
Одлука за основање на ДОО која ја донесува основачот на ДООЕЛ.

### 1.3.5. **Кои се формалностите при основање на ДОО?**

Основачкиот акт мора да биде во писмена форма. Сите основачи или нивните застапници го потпишуваат основачкиот акт. Потписите на основачите на договорот, односно одлуката, се заверуваат, во Србија кај општинскиот суд (во блиска иднина, заверката ќе премине во надлежност на нотари,) кај УНМИК на Косово или кај нотар во Македонија.

### 1.3.6. **Што треба да содржи фирмата (називот) на ДОО?**

Фирмата треба да содржи податоци за дејноста и седиштето на претрпијатието, како и задолжителна ознака за видот на претпријатието – „д.о.о.“

### 1.3.7. **Кој ја понесува одговорноста за обврските на ДОО?**

ДОО одговара за своите обврски со вкупниот свој имот. Членовите не одговараат за обврските на ДОО, но преземаат ризик за работењето на претпријатието до висина на својот влог кој го внеле во ДОО. Судско извршување не може да се спроведува врз личен, приватен имот на член кој не го внел во претпријатието. Во таа смисла, неговата одговорност е ограничена само на внесениот имот.

### 1.3.8. **Кои се актите на ДОО?**

Задолжителни акти се договор или одлука за основање и статут. Како факултативни акти се јавуваат правилниците и одлуките.

### 1.3.9. **Кои органи треба да ги има ДОО?**

Задолжителен орган е директор. Собрание како орган не е задолжителен, но основачите можат да го предвидат со договорот за основање доколку сметаат дека има потреба од него.

Управен одбор, како орган на управување и надзорен одбор не се задолжителни ако ДОО има помалку од 100 вработени.

Во ДООЕЛ, задолжителен орган е само директорот, кој, по правило, ги врши и надлежностите на собранието.

Со статутот на ДОО може да се предвиди и постоење на извршен одбор на директори како помошен и извршен орган.

### 1.3.10. **Како се регулира правото на глас во ДОО?**

Секој член на ДОО, освен оној со приоритетен удел без право на управување, има право на глас сразмерно на својот удел, со тоа што со договорот за основање, односно статутот, се утврдува колкав удел дава право на еден глас.

### 1.3.11. **Колку треба да изнесува висината на основачкиот капитал на ДОО?**

Висината на основачкиот капитал изнесува 2.500 евра во противвредност на денот на уплатата.

### 1.3.12. Колку треба да изнесува висината на основачкиот влог на поединечните членови на ДОО?

Минималниот паричен влог на поединечен член не може да биде помал од 250 евра во противвредност на денот на уплатата. Само по исклучок, тој влог може да биде помал, а тогаш станува збор за купување на удел под повластени услови.

### 1.3.13. Кога треба да се уплати основачкиот капитал на ДОО?

Половина од основачкиот капитал треба да се уплати до регистрација на друштвото, а преостанатиот дел–во рок од две години од регистрацијата на друштвото.

### 1.3.14. Каква мора да биде структурата на основачкиот капитал на ДОО?

Пари, како и предмети и права изразени во парична вредност. Влоговите на основачите не можат да бидат во труд или давање услуги на ДОО.

### 1.3.15. Кој ја врши проценката на непаричниот влог во ДОО?

Проценка на вредноста на вложените предмети и права врши овластен проценител, а во случај вредноста на вложените предмети и права да не го преминува минималниот паричен износ на основачкиот капитал, т.е. ако е помала од 2.500 евра, влогот го проценуваат самите основачи.

## *1.4. Трговец поединец, приватен претприемач, приватен бизнис*

### 1.4.1. Што претставува приватен претприемач?

Приватен претприемач е физичко лице кое, со цел стекнување добивка, основа дуќан (работилница) и самостојно врши дејност.

### 1.4.2. Кој може да биде приватен претприемач?

Приватен претприемач може да биде секое лице, под услов да се наоѓа во добра здравствена состојба, да има завршено основно образование, да има деловна способност, да не му е забрането вршење одредена дејност со правосилна судска одлука, т.е. да не му е изречена заштитна мерка, да поседува опрема и кадри пропишани за вршење на односната дејност и да има соодветен простор, освен ако природата на дејноста не бара такво нешто.

### 1.4.3. **Кои видови дуќани може да ги отвори приватниот претприемач**?

Приватниот претприемач може да отвори работилница, канцеларија, биро, сервис, агенција, студио, пансион, аптека, ординација, итн.

### 1.4.4. **Кои дејности може да ги врши приватниот претприемач**?

Приватниот претприемач може да ги врши сите дејности, освен оние за кои со посебен закон е пропишано дека не може да ги извршува.

### 1.4.5. **Што треба да содржи називот (фирмата) на приватниот претприемач**?

Претприемачот ја врши дејноста под свое лично име, име на некое друго лице или под некое посебно деловно име.

### 1.4.6. **Кој одговара за обврските**?

Претприемачот одговара за сите обврски кои се јавуваат при вршење на дејноста со вкупниот свој имот.

***

Сличните законски решенија за правната поставеност на ДОО и трговец поединец во Македонија, Србија и Косово овозможија да се говори воопштено за нивните особености. Но тоа не е случај кога станува збор за постапките за основање на ДОО и трговец поединец во секоја од односните земји. Тие се секаде различни и затоа ќе бидат дадени посебно.

## 1.5. *Која е постапка за основање Друштво со Ограничена Одговорност (ДОО) во Србија?*

Со личната карта (или заверена фотокопија од истата)[1] и предлог-име за претпријатието што сакате да го основате (полно и скратено)[2] одите во

[1] Ако основач е правно лице, тогаш наместо лична карта потребна е заверена фотокопија од решението за регистрација на правното лице со сите прилози од кои може да се добијат податоци за седиштето, капиталот и одговорните лица, итн...

[2] Полното име мора да содржи барем една дејност со која идното претпријатие планира да се бави на пр. Претпријатие за трговија.

Трговскиот Суд и проверувате дали предлог-името е слободно.[3] Ако веќе постои претрпријатие кое е регистрирано под такво име, тогаш треба да предложите ново кое ќе се разликува од постоечкото во најмалку 4 букви. Ако предлог-името не е зафатено, тогаш ги подготвувате следниве документи:

1. 4 копии од Актот за Основање (Одлука или Договор)[4]
2. 4 копии од Образецот за заверка на потписот
3. 1 примерок од Образецот (Пријавата) за Основање
4. Најмалку 3 копии од личната карта
5. 4 уплатници (такса за основање, такса за матичен број, такса за заверка на Актот за основање и такса за заверка на потписот)

Откако во Трговскиот Суд ќе ги заверите Актот за основање и потписот, одите во банка и депонирате најмалку 250 евра во динарска противвредност на посебна сметка. Врз основа на тоа, банката ќе ви издаде потврда дека сте депонирале средства за основање на ДОО.

Овие документи ги доставувате до Агенцијата за стопански регистри (Агенција за привредне регистре, Трг Николе Пашиќа 5/IV, Београд, Република Србија).

По 10-15 дена, Агенцијата ќе Ви испрати решение на адресата која сте навеле во пријавата.

Кога ќе го добиете решението ископирајте го најмалку во 5 примероци и направите печат. За правење печат ќе ви требаат од 1 час до 1 ден.

Откако ќе ви го направат печатот, треба да поднесете барање за Даночен Идентификациски Број.[5] За добивање ДИБ потребно е да пополните два обрасци и да приложите по две копии од решението и од личната карта на овластениот застапник на ДОО.

Откако ќе ги предадете обрасците за ДИБ, очекувајте по неколку дена да Ве посети даночен инспектор, кому ќе треба да му ги поднесете на увид следните документи:

---

[3] Тоа е потребно да се направи затоа што законот не дозволува две различни претрпијатија да стопанисуваат под едно исто име.

[4] За тоа кога е потребно актот на основање да е во форма на Одлука а кога во облик на Договор види погоре под видови трговски друштва, Д.О.О., основачки акти.

[5] Доколку сакате да се бавите со надворешно-трговско работење, потребно е да се пријавите за упис во регистарот на царински обврзници кој го води Царинската управа. За упис во овој регистар потребно Ви е барање, статистика, решението од Агенцијата за стопански регистри, Картон со депонираните потписи, и такса во износ од 1200 динари на жиро-сметка 40818-840-928-3156, намена: административни такси, примател: Царинска управа. Прием на документите: 8-12 часот. Издавање решенија: 14-15,30 часот. Поопширни информации на 011/ 311-67-67 / Локал 4784.

1. Имотен лист или договор за закуп на деловен простор (ако просторот каде што се наоѓа седиштето на Вашето ДОО е најмен);
2. Сите документи кои сте ги составиле или добиле во постапката за основање;
3. Натпис со податоци за претрпијатието кој ќе треба да се постави на објектот или на влезот во зградата т.е. канцеларијата;
4. Договор со сметководител.

По добивањето на ДИБ, со сите документи одите во банка, отварате тековна сметка на претпријатието и давате налог за пренос на основачкиот влог од посебната сметка за депозит на тековната сметка на претпријатието. Со тоа станувате активно ДОО.

### 1.5.1. **Колку време трае постапката**?

Од денот на предавање на комплетната документација до денот на добивање решение за упис во стопанскиот регистер обично поминуваат од 10 до 15 дена, во зависност од оптовареноста на Агенцијата за стопански регистри.

По добивањето на решението, потребен е еден ден да се добие печат и да се подготви барањето за ДИБ.

ДИБ обично се добива за 6 до 8 дена, во зависност од тоа кога даночниот инспектор ќе излезе на терен и ќе Ве посети.

Според ова, времето потребно за основање на ДОО е околу 20-25 дена.

Се разбира, треба да се има предвид дека постапката за основање може и да се одолжи поради разни причини.
Една таква причина може да биде и моменталната презафатеност на Агенцијата за стопански регистри, која напоредно со издавањето на решенија за основање, го води и процесот на превод на претпријатијата од општествена во приватна сопственост, а тој процес е во полн ек на територијата на сите 160 општини во Република Србија.

### 1.5.2. **Колку чини основањето на ДОО**?

1. Депозит од најмалку 250 евра (овој износ се уплаќа на посебна, привремена сметка во идната деловна банка чиј депонент ќе биде претпријатието, а по основањето на ДОО и добивањето на ДИБ, се префрла на новоотворената тековна сметка на ДОО и служи за почеток на стопанисувањето)
2. Такса за основање на ДОО – 3.600,00 динари
3. Такса за матичен број – 1.270,00 динари

4. Такса за упис во регистарот на царински обврзници – 1.200,00 динари[6]
5. Заверка на Актот за основање – 1.102,50 динари
6. Заверка на Потпис – 97,50 динари
7. Изработка на Печат–(од 500 до 2.000 динари, во зависност од видот на печатот)
8. Адвокатска услуга (доколку се решите да ја водите постапката за основање на ДОО преку адвокат) – (околу 8.000 + ДДВ, значи околу 9.440 динари)

Вкупните трошоци за основање на ДОО не се поголеми од 200-215 евра.

## *1.6. Како да станам приватен претприемач во Србија? Што се ми е потребно за да отворам дуќан во Србија?*

За да основате дуќан (работилница) Ви треба:

1. Пријава за основање на дуќан (види Прилози)
2. Фотокопија од лична карта
3. Такса за основање[7]
4. Договор за ортачки дуќан (доколку се отвара ортачки дуќан)

Кон пријавата се приложуваат:

1. Ако основачот не е полнолетен, доказ дека стекнал деловна способност пред полнолетство
2. Доказ за исполнување на условите кои се однесуваат на општата здравствена состојба на основачот т.е. лекарско уверение
3. Доказ дека дуќанот располага со потребната опрема и кадри
4. Доказ за соодветна стручна спрема за вршење на дејноста
5. Доказ за исполнување на законските услови кои се однесуваат на заштита при работа и заштита на животната средина
6. Доказ за правниот основ за користење на деловниот простор (имотен лист, договор за закуп, подарок, употребна дозвола итн.)

По пополнувањето на пријавата, наведената документација се испраќа на адреса на Агенцијата за стопански регистри, која е надлежна за регистрација на дуќани.

---

[6] Доколку сакате да се бавите со надворешно-трговско работење.

[7] Се плаќа 540 динари на општа уплатница, жиро-сметка 840-969627-83, Модел 97, повикувачки број 8604, прималец: Агенција за привредне регистре, Трг Николе Пашића 5/IV, Београд. Подетални информации на тел. 011/333 1400.

Доколку Агенцијата има некои забелешки, во рок од 14 дена ќе Ви испрати известување да извршите корекции во документацијата. Доколку нема забелешки, тогаш ќе Ви издаде решение во истиот рок, а најдоцна до 3 месеци, на адресата која сте ја назначиле во пријавата.

Кога ќе го добиете решението, правите печат и составувате барање за добивање на ДИБ. По добивањето на ДИБ, го пријавувате дуќанот во системот на ДДВ. На крај, отворате тековна сметка во деловна банка по Ваш избор и почнувате да работите.

### 1.6.1. **Колку трае постапката**?

Слично како и кај ДОО, значи 20-25 дена.[8] Сепак, сознанијата од теренот говорат дека многу често оваа постапка може да се одолжи и до 3 месеци.

### 1.6.2. **Кои и колкави се трошоците за отварање на дуќан**?

1. Такса за основање дуќан – 540,00 динари
2. Такса за заверка на потписот при отворање на тековна сметка во банка – 97,50 динари
3. Изработка на Печат–(од 500 до 2.000 динари, во зависност од видот на печатот)
4. Адвокатска услуга (доколку се решите да ја водите постапката за основање на дуќан преку адвокат) – 2.500,00 динари + ДДВ = 2.950,00 за самостоен дуќан или 3.500,00 динари + ДДВ = 4.130,00 динари за ортачки дуќан (со тоа што договорот за ортачки дуќан ќе Ви го изработи адвокатот).

## *1.7. Која е постапка за основање Друштво со Ограничена Одговорност (ДОО) во Македонија?*

За основање на трговско друштво во Куманово, потребно е да поднесете пријава на пропишан образец, во кое е содржано вашето барање за упис, и да го поднесете во Регионалната регистрациона канцеларија во Куманово на следнава адреса: Регионална регистрациона канцеларија Куманово, Плоштад Маршал Тито бб – Куманово Тел. 031 414 707 Факс. 031 415 655.

Заедно со пријавата треба да приложите документи, во кои се содржани податоците кои ќе се запишат во трговскиот регистар. На пример, се приложува доказ за сопственост врз подвижен/недвижен предмет, а во некои случаи каде е законски пропишано потребно е дополнително да се достави одобрение од надлежен орган.

[8] Види погоре, Времетрање на постапката ДОО.

За упис на ДОО/ДООЕЛ во трговскиот регистар, е предвидена следнава постапка на основање и упис во трговскиот регистар.

ДОО/ДООЕЛ се основа со договор за друштвото што го склучуваат сите основачи. Во случај друштвото да го основа едно лице тогаш место договор, фигурира изјава на основачот за основање на друштвото со ограничена одговорност. Потписите на основачите на договорот или во другиот случај потписот на основачот на изјавата за основање на друштвото, се заверуваат кај нотар. Основачите го склучуваат договорот за друштвото лично или преку полномошник кој мора да има полномошно заверено кај нотар.

Пријава за упис на основање на друштвото ја поднесува управителот (односно управителот овластен од другите управители, ако друштвото има повеќе управители). Во пријавата се наведуваат некои основни податоци, како на пример, седиштe на фирмата, предмет на работење и сл.
Понатаму, со пријавата се доставуваат и следниве прилози.

1. договорот за друштвото, односно изјавата за основање на друштвото, со сите прилози вклучувајќи го и полномошното за полномошникот, заверени од нотар;
2. копија од пасош или од лична карта ако основач е физичко лице или од друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја, односно доказ за регистрација ако основач е правно лице;
3. доказ од банка овластена за вршење платен промет дека секој основач уплатил најмалку една третина од паричниот влог;
4. доказ дека е уплатена најмалку половина од основната главнина, но не помалку од 2.500 евра во денарска противвредност;
5. ако се внесуваат непарични влогови-договорите со коишто тие се утврдуваат и спроведуваат, извештајот на проценителот, освен кога во согласност со членот 177 од ЗТД, не се врши проценка и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни предмети, а ако се внесува подвижен предмет за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижниот предмет;
6. одлуката за избор на управител, ако не е назначен со договорот за друштвото, во којашто се наведуваат името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење;

7. изјава на секој управител на друштвото дека го прифаќа изборот-заверена кај нотар, а ако со договорот за друштвото е определено дека друштвото коештo има повеќе од еден управител ќе го застапува само еден од управителите, заедно или без прокурист, и изјава дека се прифаќа застапувањето на друштвото на начинот определен во договорот за друштвото;
8. одлуката за избор на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот, ако друштвото има орган на надзор, во којашто се наведени името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење;
9. доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни предмети, а ако се внесува подвижен предмет за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижниот предмет;
10. дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган ако таа обврска е определена со закон за упис на друштвото во трговскиот регистар;
11. изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, заверена кај нотар, односно приложување доказ дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 ЗТД и
12. изјава со која потврдуваат дека сите дејствија преземени за основање на трговското друштво се во согласност на законот, и дека податоците внесени во прилозите се вистинити.

Покрај ова, во Трговскиот регистар треба да се направи упис на управителот и неговото овластување за застапување на друштвото. За таа цел, ќе биде потребно да приложите одлука за избор на управителот, доколку управителот претходно не е назначен со самото потпишување на договорот за друштвото и дополнително, актот со кој се определува видот и обемот на застапувањето. Исто така, треба да се приложи доказ дека не постои правосилна судска одлука со која во целост или делумно на лицето му е забрането да врши професија, дејност или должност што е поврзана со функцијата управител на друштвото.

### 1.7.1. **Трошоци**?

Трошоците за основање на ДОО/ДООЕЛ, изнесуваат 3.400 ден + 1.700 ден за објава.

Обрасци за упис во трговски регистар можат да бидат подигнати од сите регионални регистрациони канцеларии на Централниот регистар, без притоа да се наплати некаквов надомест. Исто така, постои можност потребниот образец да се превземе од интернет страницата на Централниот регистар www.crm.com.mk.

## 1.8. *Како да отпочнам сопствен бизнис како трговец-поединец во Македонија?*

Доколку сакате да отворите дуќан, или да отпочнете свој бизнис, треба да се пријавите како трговец-поединец во трговскиот регистар.
Освен пријавата во која впишувате некои основни податоци, како име и презиме, ЕМБГ, предмет на работење, седиште на фирмата и сл, приложувате и некои други документи меѓу кои треба:

1. да заверите потпис како трговец-поединец кај нотар
2. да поднесете изјава дека не Ви е изречена забрана да вршите некоја од дејностите кои се опреелеи со законот трговски друштва
3. да поднесете изјава со која докажувате дека уредно сте ги платиле даночните обврски, придонесите за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување
4. да поднесете изјава со која потврдувате, дека како физичко лице не сте истовремено запишани како трговец поединец под друга фирма.

Откако ќе ги соберете сите овие документи, ги приложувате во регионалната канцеларија на Централен регистар.

### 1.8.1. **Колку време ми треба да се регистрирам?**

Доколку ги имате приложено сите наведени документи, целата процедура трае многу кратко, најмногу до 5 дена. Предноста што ја нуди новиот едношалтерски систем е во тоа што сега веќе нема потреба да посетувате повеќе институции за поднесување на сите потребни документи, туку целокупната процедура започнува и завршува на еден шалтер во Централниот регистар. Сите оние потребни процедури во врска со добивање на даночен број, пријавување како царински обврзник и сл., ги врши Централниот регистар и трошоцие за нив се вклучени во крајната цена.

### 1.8.2. **Колку треба да платам за регистрација?**

Со воведувањето на едношалтерскиот систем, трошоците за регистрација, исто така, неколкукратно се намалија. Конкретно, за основање на трговец-поединец целата постапка за отворање фирма, ќе Ве чини 2.200 ден за регистрација и 1.700 ден за објава.

Обрасци за упис во Трговски регистар можат да бидат подигнати од сите регионални регистрациони канцеларии на Централниот регистар, без притоа да се наплати некаквов надомест. Исто така, постои можност потребниот образец да се превземе од интернет страницата на Централниот регистар www.crm.com.mk

## 1.9. *Кои документи ми се потребни за да основам ДОО или да започнам приватен бизнис на Косово?*

За основање на фирма или започнување на приватен бизнис на Косово треба да поднесете:

1. Апликација „А-О“ (формулар издаден од Агенцијата за регистрација на бизнисите при Министерството за трговија и индустрија кој служи за почетна регистрација на фирма);
2. Статут–потпишан од директорот или сопствениците на ДОО. Освен статутот кој што се донесува со договор помеѓу основачите, може да се донесе и деловник со кој конкретно се уредуват улогите помеѓу акционерите, директорите и т.н.[9] За индивидуален бизнис сопственикот не мора да се усвои статут. Процедурата е наједноставна, потребно е само да се аплицира во Агенцијата;
3. Фотокопија од лична карта на сопственикот/те издадена од УНМИК (фотокопирана на двете страни), за граѓани на Косово, или фотокопија од пасош, за странци;
4. Фотокопија од уплатница, уплатена во банка на износ од 20 евра-регистарска такса, на жиро сметка број: 1000430070004010 МТ–Регистар на Косовските Бизниси.
5. Документ за сопственост, за објектот каде се извршува дејноста или договор за кирија со сопственикот на објектот, со договорот треба да се носи и фотокопијата од личната карта на сопственикот на објектот.

### 1.9.1. **Каде да се обратам за регистрација?**

Надлежна институција за регистрирање на фирма на Косово е Агенцијата за регистрација на бизниси при Министерството за трговија и индустрија на Косово, каде се зема апликацијата и се поднесуват документите за регистрација.

[9] Закон за трговски друштва, УНМИК 2001/6 стр. 14.

Канцеларијата за регистрација на бизниси при Министерството за трговија и индустрија се наоѓа во Приштина, што значи дека сите апликанти треба да патуват до главниот град за регистрација.

Сите фирми кои сакат да се занимават со извоз-увоз морат да земат Сертификат за ДДВ, кој е бесплатен и Сертификат за екпорт-импорт кој чини 12,5 евра. За фирмите и компаниите кои што имат статут се плака 20 евра на жиро сметка на Агенцијата. При процесот на регистрација на фирмите (ДОО) на Косово, нема потреба од царински обврзници или сметка во банка. Со самото регистрирање се добива таканаречен даночен или царински код-за секоја фирма посебно.

### 1.9.2. **Колку време ми треба да регистрирам фирма**?

Постапката за регистрирање на фирма е една од наједноставните и најбрзите во Европа. Имено, доколку сите документи се во ред, фирма на Косово може да се регистрира за еден ден.

### 1.9.3. **Колку ќе ме чини постапката за основање**?

Целата процедура за поднесување на документацијата чини 10 евра, односно, толку чини формуларот кој служи за регистрација.

# 2. Што можам да тргувам во регионот?

## *2.1. Кои се најтргуваните производи на ниво на држави?*

### 2.1.1. Од Македонија во Србија

Минерална и газирана вода, вино, пиво, цигари, домати, нафтени деривати, битуменски смеси, лекови, препарати за чистење, цемент, производи од гипс, топловалани производи од железо, текстил, заварени цевки и електрични проводници.

### 2.1.2. Од Македонија во Косово

Нафтени деривати, алкохолни и безалкохолни пијалоци, тутун, прашоци за перење, производи од метал, домати, кромид, пиперки, лубеници, зелка, дињa, машинска опрема и делови, цемент, текстил, производи од животинско потекло и пластика.

### 2.1.3. Од Косово во Македонија

Производи од метал (отпадоци), машинска опрема и делови, кафе, чоколада, минерална и газирана вода.

### 2.1.4. Од Србија во Македонија

Говедско месо, бисквити и вафли, производи од какао, пекарски производи, остатоци од легиран челик, јаглен и лигнит, лекови, азотни и минерални ѓубрива и смеси, топловалани плоснати производи и жици од рафиниран бакар.[10]

### 2.1.5. Од Србија во Косово

Керамички производи, минерални масла и вода и продукти за нивна подготовка, флуор, млеко и млечни производи, житарици, производи од месо, автомобили.

[10] Министерство за економија на Република Македонија, Сектор за меѓународна трговска соработка.

#### 2.1.6. **Од Косово во Србија**

Железо и олово, производи од железо и олово, теписи и други текстилни производи за покривање на под, пијалоци, зачини, оцет, зеленчик и овошје.

### *2.2. Што најмногу се тргува во микро-регионот на Гњилане, Прешево, Куманово и Трговиште?*

Според истражувањето спроведено од страна на East West Institute во 2006 година, во микро-регионот најмногу се тргува со текстил и кожа за чевли, градежни материјали, прехранбени производи, алкохол и тутун, електрични машини за домаќинство, резервни делови, дрво и производи од дрво, нафтени деривати и амбалажа.

### *2.3. Неискористени увозно-извозни потенцијали на микро-регионот?*

#### 2.3.1. **Што може да понуди Трговиште?**

Трговиште може понуди шумски билки и плодови (ореви), печурки (вргањ и лисичарка), теписи, дрво за градежништво и огрев, грнчарски производи (капаци за казани за ракија), мед, јајца, пилиња, електрична енергија.

#### 2.3.2. **Кои производи му недостасуваат на Трговиште?**

На Трговиште му недостасуваат раноградинарски производи, грозје, кикирики, домати, цреши, вишњи, пиперки, ориз, амбалажа, грнчарија (црни стомни).

#### 2.3.3. **Што може да се извезува од Куманово?**

Од Куманово може да се извезува костено овошје, круши, шумско овошје, млеко и млечни производи, месо и месни производи, леб и сите видови на пецива, кондиторски производи, ловен и транзитен туризам.[11]

[11] www.kumanovo.gov.mk

### 2.3.4. **Што му треба на Куманово**?

На Куманово му требаат суровини за металната индустрија, текстил и градежни материјали.

### 2.3.5. **Кој е извозниот потенцијал на Гњилане**?

Извозниот потенцијал на Гњилане го сочинуваат колекторите, соларните радијатори, металните производи за градежништво, непреработениот тутун, теписите. Општина Гњилане исто така е богата со метали и со минерални извори.

### 2.3.6. **Што побарува Гњилане**?

Во Гњилане има побарувачка за раноградинарски производи, грозје, домати, пиперки, цреши.

### 2.3.7. **А Прешево**?

Прешево може да понуди планинска вода за пиење, природна вар и печурки, а му недостасуваат сточарски производи, компири и производи од брашно.

## *2.4. Каде да се обратам за подетални информации околу потребите на пазарот во регионот?*

За подетални информации во врска со извозот и увозот и воопшто тргувањето во регионот како и за информации за потребите на пазарот во регионот можете да се обратите до соодветните министерства надлежни за трговија,[12] стопанските комори,[13] и заводите за статистика.[14]

[12] На Косово – Министерствто за трговија и индустрија (www.mti-kosova.net,) во Македонија – Министерството за економија (www.economy.gov.mk,) и во Србија–Министерството за трговија, туризам и услуги (www.minttu.sr.gov.yu).

[13] На Косово–Економската комора на Косово (www.odaekonomike.com), во Македонија–Стопанска комора на Македонија (www.mchamber.org.mk), и во Србија–Стопанска комора на Србија (www.pks.co.yu).

[14] На Косово (www.ks-gov.net/esk,) во Македонија (www.stat.gov.mk) и во Србија (http://webrzs.statserb.sr.gov.yu/axd/index.php).

# 3. Под кои услови можам да тргувам во микро-регионот?

## 3.1. *Како е регулирана трговската размена помеѓу Македонија и Србија?*

Трговската размена помеѓу Србија и Македонија се регулира преку Спогодбата за слободна трговија помеѓу двете земји, која влезе во сила во средината на 2006 година. Со оваа спогодба целосно се либерализира трговијата меѓу двете земји, при што се опфатени и земјоделските производи и производите од црната металургија кои пред потпишувањето на Спогодбата подлежеа на посебен режим на тргување.
Ова значи дека сите производи кои имаат уверение за потекло од Македонија, односно Србија, се ослободени од плаќање царина, сезонски царини и посебни давачки за увоз на земјоделски и прехранбени продукти. За нив сега се плаќа само ДДВ, акциза и такса според тежината на пратката, во согласност со соодветните закони за ДДВ, акцизи и административни такси на Македонија, односно Србија.
Со Спогодбата се укинаа и давачките за царинско евидентирање и сите количински увозно-извозни ограничувања, како и реципрочните мерки.
Инаку, уверение за потекло на стоката се издава на образец EUR1 при постапката за извозното царинење и се заверува со печат на Царинската управа на земјата-извозник – Македонија, односно Србија. Во Прилогот II на Протокол А на Спогодбата објавена е листа на обработка или преработка која треба да ја направите на производите без потекло, како би добиле производ кој може да стекне статус на производ со потекло, и така да подлежи на одредбите на Спогодбата за слободна трговија меѓу Македонија и Србија, т.е. да биде ослободен од царинење.

## 3.2. *Во кои рамки се одвива трговијата помеѓу Македонија и Косово?*

Трговијата помеѓу Македонија и Косово се одвива во рамките на Привремениот договор за трговија помеѓу Македонија и УНМИК, кој се применува од февруари 2006. Тоа е асиметричен договор, што значи дека вкупниот увоз на производи од територијата на Косово во Македонија е со бесцарински третман.

Кога станува збор за македонскиот извоз на Косово, предвиден е бесцарински третман за повеќето производи освен за дел индустриски и земјоделски производи.
Индустриски производи кои подлежат на царина при извоз од Македонија на Косово се следниве:

1. Масла добиени од нафта и масла добиени од битуменозини минерали, освен суровини
2. Производи кои содржат по маса 70% или повеќе масла од нафта, или масла добиени од битуменозини минерали, ако овие масла претставуваат основни состојки на овие производи
3. Отпадни масла

Во однос на извозот на земјоделски производи од Македонија во Косово, со Договорот е предвидено укинување на царинските стапки за дел од земјоделските производи со потекло од Македонија, освен за наведените:

1. Живински и птичји јајца, во лушпа, свежи, конзервирани или варени;
2. Кромид, алма, лук, праз и други лукови, свежи или смрзнати;
3. Зелка, карфиол, келераба, кељ и сличен зеленковиден зеленчук за јадење, свеж или смрзнат;
4. Бела и црвена зелка;
5. Пиперки од родот Capsicum или родот Pimenta;
6. Благи пиперки;
7. Вино од свежо грозје, вклучително и зајакнати вина, шира од грозје.

За наведените индустриски и земјоделски производи царината постепено ќе се намалува и целосно ќе се укине на 1 јануари 2008 година. За цела 2007, царината за овие производи е 6%.
Утврдениот трговки режим со Привремениот Договор важи за производите кои имаат уверение за потекло на стока од Македонија, односно Косово, кое се утврдува со уверението за движење ЕУР1. ЕУР1 го издава царински орган на Македонија, односно Косово, врз основа на пополнетото уверение ЕУР1 од извозникот и формулар за барање. ЕУР1 важи 4 месеци од датумот на издавање.

## *3.3. На кои давачки подлежат трговските производи?*

Производите кои се предмет на трговија во регионот подлежат на данок на додадена вредност и/или акцизи.

### 3.3.1. Данок на додадена вредност

Општата ДДВ стапка е 18% во Македонија и Србија и 15% на Косово. Таа се однесува на сите производи освен на оние на кои се однесува повластената стапка од 8% во Србија, 5% во Македонија и 0 на Косово. Производи кои подлежат на оданочување според повластената стапка се:

1. Производи за човечка исхрана
2. Вода за пиење од јавни системи за снабдување
3. Публикации и тоа: книги, брошури и слични печатени материјали, весници и други периодични публикации, детски сликовници, книги за цртање и боење за деца и картографски производи од секаков вид, освен публикации кои служат претежно за рекламни цели, како и публикации со порнографски содржини.
4. Семенски и саден материјал за производство на земјоделски растенија
5. Ѓубрива
6. Средства за заштита на растенијата
7. Фолии од пластична маса за употреба во земјоделството
8. Земјоделска маханизација

### 3.3.2. Акцизи

Акцизните добра стануваат подлежни на акциза во три случаи: со нивно призводство на територијата на односната земја, со нивниот увоз во земјата, и кога добрата се наоѓаат под царински надзор. Тоа значи дека самата подлежност на акциза претставува само можност за акцизните добра, во определени услови кои се пропишани во Законот, да настане обврска за плаќање на акциза.

Акцизата може да биде пропишана во процентуален износ-пропорционална акциза, или во апсолутен износ по единица мерка (килограм, литар, парче)-специфична акциза. За определни добра (тутунски добра) е пропишана комбинирана акциза (пропорионална и специфична ).

Следниве групи на производи се подлежни на акциза во Македонија: нафта и нафтени деривати, тутунски преработки, алкохол и алхохолни пијалоци и патнички автомобили.[15]

Во Србија тоа се: нафта и нафтени деривати, тутунски преработки, алкохол и алхохолни пијалоци, увозни безалкохолни пијалоци и хемиски суровини за нивно производство, и кафе во сите состојби (сирово, пржено, мелено и екстракт.)

---

[15] Даночен водич за 2006 година, Министество за финансии на Република Македонија, http://www.finance.gov.mk/mk/brosuri/danocen_vodic_2006/danocen_vodic_2006.pdf

На Косово, во согласност со законот за трговски режим,[16] следниве производи подлежат на акцизна такса и тоа според следниве тарифи: кафе – 30% од вредноста, безалкохолни пијалоци – 10% од вредноста, вино од грозје до 2009 година – 0,20 евра од литар, етил алкохол – 1 евро за литар, цигари – 10 евра за една мерна единица, пури и други производи од тутун – 1 евро за една мерна единица, бензин – 30 евроценти за литар, останати нафтени деривати – 27,5 евроценти за литар, и патнички автомобили – 20% од вредноста и 500 евра.

## *3.4. Каде да се обратам за подетални информации?*

За подетални информации во врска со трговскиот режим, обратете се до соодветните министерства надлежни за трговија. На Косово, тоа е Министерствто за трговија и индустрија (www.mti-kosova.net,) во Македонија – Министерството за економија (www.economy.gov.mk,) и во Србија–Министерството за трговија, туризам и услуги (www.minttu.sr.gov.yu).

За подетални информации во врска со даноците и акцизите, можете да се обратите до регионалните дирекции на управите за јавни приходи во Вашата општина. Од нивните веб-страни можете да ги преземете и обрасците за пријава на данок и акциза.

[16] Регулатива 2002/16 на УНМИК.

# 4. Каде можам да најдам трговски партнери?

## 4.1. Трговиште

### 4.1.1. Регистар на претпријатија и претприемачи

Доколку сакате да најдете трговски партнери во Трговиште можете да се обратите до Стопанската комора на Србија или до Регионалната стопанска комора во Лесковац. Тие водат регистри за сите претпријатија и дуќани основани на територијата на општина Трговиште и сите податоци содржани во нив можат да ви ги поднесат на увид. Истите регистри се достапни и преку интернет, на веб-страните на споменатите стопански комори: www.pks.co.yu и www.rpkle.co.yu.

### 4.1.2. Деловни Адресари

За истата цел, можете да ги користите и услугите на разни деловни именици и адресари, како што се „Жуте стране“ (Yellow Pages, достапен и преку www.yuyellowpages.net) или „Пословни адресар Србије“ (достапен и преку www.poslovniadresar.co.yu)

### 4.1.3. Саемски манифестации

Саемот е исто така место каде што можете да ги најдете Вашите идни трговски партнери.
Извесен број на саемски манифестации се случуваат во Врање, но тие се стихијни и зависат од работните агенди на субјектите кои ги организираат и финансираат.[17]

Најблизок постојан саем до општина Трговиште е саемот во Лесковац. Тој оранизира голем број на саемски манифестации, а најзначајните се дадени подолу.

Саемската година започнува при крајот на март, кога обично се одржува саемот на исхрана.

На почетокот на април е меѓународниот саем на градежништво, индустрија за градежни материјали и опрема „Неимар,“ а во истиот месец се одржува и саемот на хортикултура и цвеќарство.

[17] Како субјекти кои организираат и финансираат саемски случувања во Врање најчесто се јавуваат меѓународни невладини организации или економски форуми, самостојно или во соработка со локалната самоуправа.

Меѓународниот саем на мебел и саемот на книгата се одржуваат во средината на мај. На крајот на мај, на заедничка манифестација се организираат меѓународниот саем за текстилни машини и прибор „Местем“ и саемот за текстил, кожа и обувки „Мода.“ Првото полугодие завршува со Меѓународниот саем за комунална опрема, на почетокот на јуни. Во летниот период обично не се приредуваат саемски случувања. Саемската година продолжува на почетокот на септември, со меѓународниот земјоделски саем „МЕСВИПП“ и саемот за лековити билки. Декември е месецот кога се одржува саемот за автомобили „Авто.“ Во последната декада на декември, традиционално се организира новогодишниот панаѓур, а со тоа се затвара и саемската година во Лесковац.[18]

За пријава на учество на саемска манифестација,[19] резервација на саемски простор, цени на услугите кои ги нуди саемот, како и за други поблиски информации можете да се обратите до стручната служба на Регионалната стопанска комора Лесковац на телефон 016 250 011 или на е-маил leskovac@komora.net. Истите информации можете да ги добиете и на адресите на саемот во Лесковац:

Лесковачки Сајам
16000 Лесковац, Косте Стаменковиќа 5
Телефон: +381 16 243 001
Факс: +381 16 212 083
Е-маил: lesajam@eunet.yu
www.lesajam.co.yu

### 4.1.4. Пазар

Пазарот во Трговиште е место каде што се среќава понудата и побарувачката на голем број производи од регионот. Тој се наоѓа во рамките на автобуската станица, веднаш до бензиската пумпа на „Југопетрол“ во градот, и блиску до погонот на „Костелин,“ односно полициската станица.

Пазарот е под надлежност на јавното претпријатие „Комуналец“ и има 100 тезги. Тезга може да се најми на ден или месечно.

Цената за тезга за еден ден е 100 динари. Пазарна такса за камион е 300 динари без разлика на видот на стоката, додека пазарната такса за

[18] Лесковачки Сајам го задржува правото да го измени точниот календар на саемски манифестации.

[19] Учеството на саемски манифестации надвор од Србија се олеснува со издавањето на т.н. АТА карнет. Тоа е потврда за царински ослободувања, која ја издава Стопанската Комора во случај на привремен увоз и извоз на стока, помеѓу другото и заради учество на меѓународни натпревари, саеми и изложби. Види Документи за извоз.

автомобил со приколка изнесува 100 динари. Месечна претплата за тезга е 200 динари.[20]

Сите услуги можат да се платат на лице место кај наплатните служби на пазарот, во просториите на „Комуналец," кои се наоѓаат во приземјето на општинската зграда, или во банка на општа уплатница. Постои и можност за резервација на тезги.

Пазарен ден во Трговиште е петок, а најударен е периодот од април до октомври.

Лица за контакт:
Петрун Станојевиќ – директор на „Комуналец" Трговиште
Десанка Николиќ – референт во „Комуналец" Трговиште
Тел. +381 (0)17 52 205

## *4.2. Прешево*

Што се однесува до Прешево, за него важат истите работи кои беа претходно споменати во контекст на Трговиште кога стана збор за регистрите, адресарите и саемите.

### 4.2.1. **Пазар**

Пазарот во општина Прешево се наоѓа во центарот на општината веднаш до полициската станица, наспроти општинската зграда. Тоа е непокриен пазар со недоволно развиена инфраструктура во поглед на паркинзи, влезови, тезги, итн. Пазарот има два влеза. Во него може да се најдат разни прехранбени производи, зеленчук, овошје, разни алатки, прибори за домаќинство, текстил, како и некои производи од бела техника. Прометот е релативно слаб, освен во сабота, кој е пазарен ден во општината кога доаѓаат и трговци од други места. На пазарот има 55 тезги. Заинтересираните за изнајмување тезга треба да се обратат до претпријатието „Моравица", основано од страна на општината, кое се наоѓа веднаш зад пазарот.

Ценовникот е следен: 120 динари на ден за тезга (се плаќа секој ден и покрај месечната резервација, нешто како баждарина); 1.200 динари месечно за една тезга; во сабота (пазарен ден) 360 динари за тезга на ден, за

[20] Ценовникот на услуги се менува од сезона на сезона. По последните години постои тренд на зголемување на цените, а пазарните служби очекуваат тој тренд да продолжи и во наредниот период.

тие кои доаѓаат надвор од општината и изнајмуваат само за тој ден; паркинг не се плаќа.

Лице за контакт: Шефќет Садику (директор на претпријатието „Моравица“)
Тел. 00381 17668343

Додека се подготвуваше овој водич, во општина Прешево во тек беше реализацијата на проектот за нов пазар, односно цел комплекс во рамките на кој ќе биде и новиот пазар. Новиот комплекс би требало да вклучи 18 локали, 105 тезги и паркинг за 33 автомобили. Предвидената цена за изнајмување тезга на новиот пазар е 3 евра на ден, а за паркинг на автомобил – 0.20 евра на ден.

## *4.3. Куманово*

### 4.3.1. Централен регистар на РМ

Доколку сте заинтересирани да најдете трговски партнер во Македонија, односно во кумановскиот регион, од 01.01.2006 е овозможен едноставен лесен пристап до податоци за трговските друштва. Сеопфатни и релевантни информации за трговските фирми може да се најдат во Централниот регистар на Македонија, кој води трговски регистар за сите постоечки трговски друштва. Наједноставен и најбрз начин до информација доколку сте заинтересирани за партнер од кумановскиот регион е да се обратите до Регионалната регистрациона канцеларија Куманово (при Централниот регистар на Македонија).

На овој начин, од трговскиот регистар може да добиете информација за тековната состојба на било кој субјект впишан во трговскиот регистар, услуга која ќе ве чини 500 денари, за информација за историјатот на субјектот на упис од 01.01.2005 година треба да платите 2.500 денари, а информација за поединечен податок чини 200 денари.

### 4.3.2. Регистар на фирми на Стопанска Комора на РМ

Поинаков начин до информација за вашиот потенцијален трговски партнер е преку Стопанската комора на Македонија која води свој трговки регистар според податоците со кои располага.
Трговскиот регистар на Стопанската комора на Македонија е достапен на интернет (www.mchamber.org.mk), при што е овозможено пребарување по почетна буква, дејност или дел од име на компанијата. Интересно е што пристапот на пребарување на фирми е поширок и опфаќа фирми не само

од земјава, туку и од други земји кои се наоѓаат во базата на податоци на Стопанската комора на Македонија. На овој начин може да се добијат основни податоци за фирмата. Дополнителни податоци во однос на трговскиот регистар на Стопанската комора на РМ може да се добијат преку Информативниот центар на Стопанската комора (ул. Димитрие Чуповски број 13, Скопје), на телефон (02) 3244 000; факс (02) 3244 088 или преку e-mail: ic@ic.mchamber.org.mk.

### 4.3.3. Регистар на занаетчии

Преку Занаетчиската комора може да дојдете до релевантни податоци за Вашиот потенцијален трговски партнер во областа на занаетчиството. Занаетчиската комора може да Ви обезбеди контакт адреса со Вашите идни соработници од Македонија услуга која ќе ве чини 5 денари од адреса. Интернет страната на Занетчиската комора е во изработка, така што засега најлесно и најбрзо да воспоставите контакт со Комората е преку телефонот (02) 3237 850 или (02) 3222 957, а адресата и е „Битпазарска“ број 12 Скопје.

### 4.3.4. Адресари

Златна книга–може да се најде во сите трафини и поголеми маркети и во просториите на Златна книга. Достапен е преку интернет на http://zk.com.mk
Жолти страници (Yellow Pages) – потребна е преплата, а се доставува до фирмата. Веб страната е www.yellowpages.com.mk. Исто така, постојат и адресарите АБВ на македонското стопанство и Нови страници.

### 4.3.5. Саеми

#### 4.3.5.1. Скопски Саем

Посериозни, организирани иницијативи за поттикнување на нивото на соработка меѓу фирмите во Куманово, Гњилане, Трговиште и Прешево, преку саеми, промоции и семинари не постоеле. Сепак, Скопје како главен град се наоѓа блиску до кумановскиот регион, што претставува поволен аспект за искористување на можностите од настаните кои се случуваат во него.
Вообичаено, Скопскиот саем неколку месеци порано изготвува програма за наредната година, при што е предвидено настаните да започнат од март со саемите за мебел, градежништво и медицина, потоа во април се планирани саеми на книга и либрографика; образование; саемот „Инфоком“ кој е меѓународен саем за компјутери, телекомуникации, биро

опрема, аудио и видео опрема и стручна литература; и како последен саем во април е предвиден „Финекспо“ кој е меѓународен саем на финансии, деловни можности и економски развој. За месец јуни е предвидено одржување на саемот „ЕкспоБитола“- регионален саем за широка потрошувачка, репроматеријали, опрема и туризам, кој има за цел обединување на регионот Битола-Кожани-Корча. Во месец октомври се предвидени три саеми, при што прв е „Агрофуд“- меѓународен саем за храна, пијалоци, машини, опрема, амбалажирање, тутун и машини, агроиндустрија итн. Потоа следи „Технома“-саемот за металургија, електроника, неметали и градежништво, обезбедување и заштита, а како последен саем во октомври е меѓународниот саем на Енергетика. Како последен наведен во генералната програма за 2007 година е предвиден Новогодишниот саем за широка потрошувачка во месец декември. На Скопскиот саем веќе традиционално се одржуваат саеми за мебел, градежништво, храна, пијалоци, агроидустриски производи, итн. За секој саем постои рок на пријавување на заинтересираните потенцијални учесници.

##### *4.3.5.1.1. Мулти бизнис центар*

Во склоп на Скопски саем постои можност за организирање на бизнис настани, преку Мулти бизнис центарот, кој освен планирање и организирање на одреден бизнис настан обезбедува и кетеринг услуга, хотелско сместување итн. Поконкретни информации може да се добијат од Инфо центарот на Мулти бизнис центарот при Скопски саем секој ден од 08:00 до 16:00.

Договорот за користење на нивните услуги и детален преглед на нивните цени може да се најдат на интернет страната на Скопски Саем www.skopjefair.com.mk.

#### 4.3.5.2. Саеми организирани од Стопанската Комора на Македонија

Информации за саеми може да се добијат и преку Стопанската комора на Македонија. На интернет страната на Стопанска комора (www.mchamber.org.mk) е достапна листа на саеми кои се одржуваат насекаде во светот. На тој начин е овозможен увид на саеми во секоја земја поединечно, а може да се пребарува и според датум на одржување или според областа, односно дејноста на која се однесува саемот. За дополнителни информации во однос на саемите е задолжен Информационен центар на Стопанската комора на Македонија, а задолжено контакт лице е Станка Дамјановска.

Во овој контекст, освен информации, Стопанската комора на Република Македонија овозможува и олеснува учество на саеми и промоции на македонските проиизводи во странство преку АТА карнетот кој го издава.[21]

### 4.3.6. Пазари

Јавното претпријатие „Пазариште" – Куманово стопанисува со единствениот зелен пазар, во Куманово и со добиточниот пазар во с. Долно Коњаре.

Зелениот пазар работи секој ден и е отворен во летниот период од 06 до 18 часот и во зимскиот период од 07 до 17 часот. Пазарни денови се четврток и недела во кој период вообичаено има поголема количина на земјоделски и други производи и воопшто многу повеќе купувачи од околината на Куманово и соседните градови. Пазарот работи независно дали е државен или верски празник, односно е отворен 365 дена во годината.

Пазарот располага со четири влеза; еден е влез за дотур на стока со коли и камиони, а останатите се за купувачите.

На зелениот пазар се продаваат вообичаени производи од областа на земјоделството, но, истовремено, се продаваат и производи од бижутерија и галантерија, текстил, техничка стока, стари предмети, како и одредени домашни производи. Пазарот е поделен на три сектори, зеленчук, бижутерија и текстилна стока. За последново, изнајмување на тезга чино

---

[21] АТА карнет е меѓународен царински документ кој се користи за поедноставување на привремениот увоз во странска земја со рок на важење од една година. Целта на АТА карнетот е примероците од производите привремено да се изнесат во странство заради презентаци пред потенцијални купувачи или за изложување на саеми и изложби. АТА карнетот овозможува: (1) поедноставена царинска постапка со користење на една единствена исправа за сите царински трансакции (привремен извоз, транзит, привремен увоз, повторен извоз или повторен увоз); (2) не се плаќаат никакви царини и други давачки, даноци при привремен увоз во некои земји; (3) важењето од 1 година овозможува повеќекратно користење за привремен увоз во една или повеќе земји членки на АТА групацијата. На листата на земји за кои може да се добие АТА карнет се наоѓа и Србија, што е добра можност за фирмите од Македонија посебно од кумановскиот регион да развијат соработка со блиските региони од српска страна, односно наваков начин да го испитаат пулсот на пазарот во смисла на одзив на нивниот производ пред сериозно да почнат за се занимаваат со извоз. Процедурата за добивање на АТА карнет се состои во поднесување на барање за АТА карнет во Стопанската комора, кое се заверува и издава за неколку дена. АТА карнетот се вади еднократно и цената за членките на Стопанската комора е 4.000 денари, заедно со тоа се плаќа 0,3% од вредноста внесена во карнет осигурувањето за членка на комората, а 0,6% за фирма која не е членка на Комората. Формуларот за АТА карнетот чини 400 денари. Информации и формулар за АТА карнетот: Стручна служба на Стопанска комора на Македонија; лице за контакт: Лазо Ангелевски, тел: 02 3118 088 локал 103.

30 евра месечно. Добиточниот пазар работи само еден ден во неделата, во Среда , како пазарен ден за добиток.

Претпријатието ги дава следниве услуги: изнајмување тезги и продажни места за продажба на земјоделски производи и изнајмување специјални тезги за продажба на млеко, сирење, и други производи од млеко. За овие два вида на тезги цената се движни од 213 до 365 денари во зависност од положбата на тезгата и видот на производот. Понатаму, претпријатието дава под закуп сопствен деловен простор наменет пред се за трговија и разни услуги по цена од 6-7 евра по метар квадратен. Претпријатието изнајмува и специјални контејнери за продажба на јајца кои чинат 5.000 денари месечно плус такса. Покрај овие услуги, претпријатието изнајмува ваги, врши вагарски услуги на добиточниот пазар, и сл.

Останатите информации можат да се добијат на http://www.kumanovo.gov.mk или на телефон 031/ 413-004. Административните простории на претпријатието се наоѓаат на Зелениот пазар во Куманово на Булевар Трета МУБ бб.

## *4.4.Гњилане*

### 4.4.1. **Регистри и адресари**

Доколку некоја странска фирма сака да најде фирма-партнер од Гњилане, може да се обрати на две места и тоа Министерството за трговија и индустрија и Стопанската[22] комора на Косово. Двете институции го имаат регистарот или адресарот на сите регистрирани фирми на Косово, а со тоа и во Гњилане. Исто така, двете институции имаат свои регионални канцеларии во Гњилане[23]. За да влезе во регистарот, една фирма треба само да се пријави на надлежните инстутиции, а членството во регистарот на комората е на доброволна база.

### 4.4.2. **Саеми**

На територијата на општина Гњилане не постои саем како институција, а саем нема ниту на територијата на Косово.

Стопанската комора на Косово неколку пати во годината одржува семинари, конференции или саеми. Ова е со цел да се создадат што поголем број на трговски партнерства во регионот. Учеството на овие саеми и конференции е слободно; секоја странска фирма која се бави со

[22] Во буквален превод Oda Ekonomike, термин кој се користи на Косово е Економска комора, но тоа е исто со Стопанска комора, термин кој се користи во Македонија.

[23] Министерството за трговија и индустрија има пет регионални канцеларии на територијата на Косово, додека Економската комора има шест.

производство и трговија може да учествува. Доколку не е поканета, фирмата која пројавува интерес треба да се информира во Стопанската комора на Косово, во регионалната канцеларија во Гњилане,[24] на адреса: ул. „Абдула Тахири“ бб – Гњилане, www.odaekonomike.org

Саеми организираат и министерствата,[25] но сето тоа е во зависност од многу фактори, средства (донации), заинтересираност, простор итн.

### 4.4.3. Регионален пазар

Пазарот во општината Гњилане се наоѓа на околу двесте метри од центарот на градот. Тој има четири влеза, а едниот од нив, во должина од околу 100 метри е исполнет со дуќани од двете страни, а во нив се продаваат прехранбени производи, текстил, бела техника, итн. Пазарот го сочинуваат 500 тезги, а во него работат 5 инкасатори (по еден на секој 100 тезги). Пазарен ден во Гњилане е сабота.

Цените за изнајмување на една тезга на пазарот се следниве: покриена тезга – 12 евра месечно, непокриена тезга – 9 евра месечно, импровизирана тезга – 3 евра за два метри квадратни,[26] внесување камион во пазарот – 6 евра, внесување комби во пазарот – 3 евра, внесување автомобил на пазарот – 1,5 евра.

Ценовникот за изнајмување на тезгите на пазарот е постојан се додека не се промени со одлука на директоратот на пазарот кој спаѓа во рамките на општинските власти.

Сите информации за изнајмување на една тезга може да се добијат во канцеларијата на директорот на пазарот која се наоѓа на самиот пазар или пак во општинската зграда на Гњилане[27]. Процедурата за изнајмување на тезга се завршува истиот ден во кој е поднесено барањето.

---

[24] Директор на регионалната Стопанска комора е Ибрахим Тахири, тел: 044144841, 00381028020335, Е-маил: i_tahiri3@hotmail.com

[25] Регионална канцеларија на министертсвото за трговија и индустрија во Гњилане: ул. „Скендербег“ бр.13, кат 1-Гњилане. www.mti-ks.org

[26]Импровизирани тезги се оние кои се поставуваат на место не предвидено за тезга, а тоа се случува обично во пазарниот ден сабота поради немање доволно тезги за сите трговци.

[27] www.gjilani-komuna.org

# 5. Кои документи ја придружуваат стоката при увоз-извоз?

Документи кои најчесто ја придружуваат стоката при увоз-извоз во микро-регионот на Гњилане, Прешево, Куманово и Трговиште се:

## 5.1. *Купопродажен Договор*

Најопшто, купопродажен договор е спогодба помеѓу Вас и Вашиот трговски партнер, составена во писмена форма, со која се уредуваат сите подробности и услови во врска со Вашата зделка. Не е задолжително, но пожелно е тој договор да го заверите на нотар и да го приложите кон останатите документи кои го следат извозот/увозот.

## 5.2. *Комерцијална фактура*

Комерцијалната фактура ја изготвувате Вие и ја доставувате на царинските органи. Преку неа, им овозможувате на царинските органи увид во цената на стоката која ја извезува. Во фактурата треба да постои спецификација на производите кои се увезуваат, по количество и цена.

## 5.3. *Товарен лист*

Товарниот лист претставува доказ за склучениот договор за превоз, условите на договорот и приемот на стоката од страна на превозникот. Во него се дава и опис на стоката која се транспортира. Врз основа на тој опис, царинскиот орган врши увид во стоката за која се бара извоз-увоз. При увидот, царинските служби на земјата-извозник го заверуваат товарниот лист, и така заверен тој треба да се врачи на другата страна од границата. Податоците дадени во листот мораат да соодветствуваат со стоката која е товарена, за што превозникот лично одговара, како и со податоците од комерцијалната фактура.

Инаку, товарниот лист може да го пополни и извозникот и превозникот. Се составува во четири оригинални примероци на специјален CMR образец, кој треба да се купи. Првиот примерок (црвениот) останува кај извозникот по предавањето на стоката на превозникот. Вториот примерок (синиот) се предава на купувачот откако стоката ќе стигне до своето одредиште. Третиот и четвртиот примерок (зелениот и црниот) се за превозникот. Во текот на превозот, синиот, зелениот и црниот примерок мора да се наоѓаат во возилото.

За крај, уште да се спомне дека ако паритетот на испорака е т.н. DDU, DDP или CIF, тогаш CMR товарниот лист мора да се пополни и по извршениот извоз превозникот да врати заверен примерок дека стоката стигнала до купувачот. Ако стоката се извезува на EX Works паритет, тогаш CMR не е потребен.

## 5.4. *Уверение за потекло*

Како што е погоре споменато, ова уверение служи како доказ дека производот е изработен во земјата-извозник и со тоа дека да подлежи на одредбите на билатералните спогодби за слободна трговија, т.е. да биде ослободен од царинење. Тоа се издава на ЕУР1 образец кој се купува во Стопанските комори или во царинските управи.[28] Се пополнува од фирмата и се приложува до царинските служби заедно со своерачно потпишана изјава за потеклото на стоката, кое царинските служби потоа го заверуваат.

## 5.5. *Техничко Уверение*

Ова уверение се однесува на производи од техничка природа, кои мора да исполнат одредени безбедносни услови, пропишани со правен акт. Го издава институтот за стандардизација во соодветната земја.

## 5.6. *Ветеринарно уверение*

Доколку производот е од животинско потекло, потребен е сертификат од Ветеринарен институт со кој се гарантира здраствената состојба на истиот. За добивање на овој сертификат се поднесува барање, со уплата на административна такса. Инспекторите од Ветеринарната управа вршат посета на просториите во кои се произведуваат производите од животинско потекло, и проценуваат дали се испочитувани законските услови пропишани во Законот за ветеринарно здравство. Ако се е во ред, се врши регистрација на производствениот капацитет и се издава извозен број. Врз таа основа потоа се издава меѓународен ветеринарно-санитарен документ.

---

[28] Во Србија, него го издава и првично заверува Одборот за економски односи со странство при Стопанската комора на Србија, и чини 950 динари со вклучен ДДВ. Лица за контакт во одборот за економски односи со странство, Нада Лаловиќ (тел. 011 3227 596) и Зора Јовановиќ (тел. 011 3248 047), факс 011 3248 060, е-маил: nada.lalovic@pks.co.yu и zora.jovanovic@pks.co.yu. Истото потоа треба да се завери и во царина.

## 5.7. Уверение за прехранбени производи

Доколку сакате да извезувате прехранбени производи, потребен Ви е сертификат од Дирекцијата за храна, со кој се гарантира дека производот е исправен за конзумирање. Тоа е документ дека производителот е евидентиран во регистарот на производители на Дирекцијата за храна, со што се потврдува дека објектот е редовно контролиран од инспекторите за храна и се исполнети сите стандарди за производство на безбедна храна. За да се добие овој документ, потребно е да поднесете барање до националната дирекција за храна и да ги уплатите предвидените административни такси.[29] Бројот на овој документ е извозен број. Целокупната постапка за издавање сертификат за безбедна храна трае 1 до 2 дена.

## 5.8. Документ за влез на терминал

Овој документ служи за да се утврди кога пристигнала стоката на терминалот и каде треба да се изврши царинење на истата. Го издава царинскиот орган на земјата во која што се увезува.[30]

## 5.9. Транзитна декларација

Транзитната декларација служи за транзитирање на стоката, од граничниот премин до соодветната царинска испостава. Се издава на самиот граничен премин од надлежните царински служби.

## 5.10. ЦЕМТ Дозвола

Тоа е годишна мултилатерална дозвола за меѓународен превоз на стоки која ја утврдува Секретаријатот на Европската конференција на Министри за транспорт. Издавањето на ЦЕМТ дозволите е во надлежност на Министерствата за транспорт. Таа ви е потребна само доколку сами го вршите превозот.[31]

## 5.11. Осигурителна полиса

Полисата служи за осигурување на превезуваната стока, во случај на незгода или оштета при превоз. Таа не е задолжителен документ. Самата

---

[29] Во Македонија, се плаќа административна такса во висина од 250,00 денари, а треба да се подмират и трошоците на постапката за издавање во износ од 2000,00 денари.

[30] Во Македонија, терминал за македонски превозници се наплаќа 1.200 денари за 3 дена, додека за странски превозници еден ден на терминал се наплаќа 1.800 денари.

[31] Поопширно за ЦЕМТ дозволите во делот за транспорт.

фирма треба да одлучи дали ќе ја осигура стоката или не. Полисата ја издава осигурителна куќа која сами ќе ја одберете.

## 5.12. *Уверение за квалитет*

Тука најчесто спаѓаат сертификати за исполнување на меѓународни стандарди, како што се ISO и HACCP. За нив ќе стане збор во следното поглавје „Мерки за контрола на квалитетот."

## 5.13. *Потврда за регистрација на претпријатие*

Потврдата за регистрација на претпријатие не е извозен документ, но се издава во случај на претпријатието кое што настапува на странскиот пазар да му биде побарано да достави доказ за регистрација. Оваа потврда ја издава институцијата надлежна за водење на стопански регистри во односната земја.

## 5.14. *АТА карнет*

АТА карнет потврда за царински ослободувања, која се издава во случај на привремен увоз и извоз на стока, заради рекламирање, увоз или извоз на примерок заради испитување на квалитет во насока на склучување купопродажен договор, учество на меѓународни натпревари, саеми и изложби, рекламација и замена на стоката.[32]

## 5.15. *Полномошно за шпедитерско застапништво*

Со овој документ, фирмата извозник ја овластува шпедитерската куќа, во нејзино име и за нејзина сметка, да ги врши увозно-извозните работи и да ја застапува фирмата извозник-увозник пред царинските органи. Полномошното има функција да го регулира односот на соработка помеѓу шпедицијата и фирмата, се потпишува еднаш и трае се додека не се раскине на барање на една од страните.

Секој увозник или извозник треба да овласти шпедитерска фирма, при што постојат три вида полномошно (1) кога фирмата работи сама за себе и сама се шпедитира (2) директно застапување, кога шпедицијата не се сомнева во фирмата со која соработува и превзема целосна одговорност за документите на фирмата (3) индиректно застапување, кога шпедицијата

[32] Во времето кога се изготвуваше овој трговски водич, АТА карнетот беше само предвиден, но не и во примена. До воведување на АТА карнетот во пракса, на сила останува Одлуката на Владата за условите за извоз, односно увоз на стоки и услуги без наплата, односно плаќање, објавена во „Службени гласник РС" број 109/2005.

подготвува документација, но не одговара за вистинитоста на документите кои биле доставени од фирмата. Овој документ не е задолжителен доколку фирмата одлучи самата да го врши превозот на стоката.

# 6. Кои мерки за контрола на квалитетот се предвидени?

## *6.1.Меѓународни Стандарди*

Меѓународните технички стандарди и регулативи постојат во секоја индустриска гранка и пропишуваат строга регулатива, со која сакаат да ги заштитат своите потрошувачи од небезбедни производи. Меѓународните технички стандарди и регулативи имаат троен ефект, олеснувајќи им го пристапот на фирмите до пазарите и зголемување на профитот, потрошувачи кои се сигурни за квалитетот на производот, и пазари кои се штитат од небезбедни и штетни производи. Постојат околу 500.000 ИСО стандарди од речиси секоја област, механика, машини, медицина, горива, производи за широка потрошувачка и многу други. Меѓу нив, едни од најбараните се ISO 22000:2005–за управување со безбедност на храна, ISO 14000:2004–за управување со животна средина, ISO 9001:2000–за управување со квалитет, ISO 22174:2005 микробиолоија на храна и добиточна храна и други.

За некои стандарди како HACCP, BSI-OHSAS 18001:1999, ISO 14000:2004, и некои други, производителите се законски задолжени да ги применат во производниот процес. Конкретно, во однос на HACCP системот, доколку сеуште го немате имплементирано, не можете да го извезете Вашиот производ. Имплементацијата на ваквите стандарди во текот на производниот процес, резултира со производ кој е сертифициран, и кој содржи гаранција за квалитет и безбедност на истиот, што индиректно влијае за негов полесен извоз на регионалните или некои други поразвиени пазари. Имплементацијата на ваквите стандарди ги вршат консултантски куќи, а сертификати за исполнување на меѓународните технички стандарди и технички прописи, важечки на ниво на држава, издаваат акредитирани куќи кои треба да се меѓународно признати. Во Македонија тоа е Институтот за акредитација, кој сеуште не е меѓународно признат. Она што е битно за производителите, е сертифкацијата која сакате да ја добиете да е издадена од меѓународно акредитирано сертификациско тело. Такви има во регионот и пошироко како SIQ во Словенија, DNV во Норвешка, TUV Reihland во Германија, BSI во Велика Британија итн.

## 6.2. *Гранични инспекциски контроли*

Прописите во микро-регионот предвидуваат дека производи можат да се увезуваат или привремено увезуваат ако ги исполнуваат условите за нивно пуштање во промет, односно за употреба на домашниот пазар. Ова посебно важи за производите за кои е предвидена задолжителна здравствена, ветеринарна, еколошка и фитопатолошка контрола.

### 6.2.1. **Еколошка контрола**

Еколошката контрола опфаќа надзор врз увозот на отровни материи, отпад, производи кои претставуваат извор на јонизирачки зрачења, супстанции кои ја оштетуваат озонската обвивка и растенија и животни заштитени со закон, при што задолжително се мери и нивото на радиоактивна контаминација. Надлежен орган за спроведување на контролата најчесто е граничната еколошка инспекција, но за некои производи контролата ја вршат и граничната санитарна, ветеринарна или фитосанитарна инспекција. Еколошка контрола на граничниот премин Прешево-Табановце се врши секојдневно и селективно, а на Прохор Пчински-Пелинце само по потреба и тоа со претходна најава.

### 6.2.2. **Санитарна контрола**

Оваа контрола ги опфаќа сите увозни прехранбени продукти, како и оние кои наоѓаат посредна примена при исхраната, како на пр. садови, прибор, амбалажа, итн. Надлежен орган кој ја спроведува оваа контрола е граничната санитарна инспекција односно Дирекцијата за храна, и таа може да се врши не само на граничниот премин, ами и во внатрешноста.

### 6.2.3. **Ветеринарно-санитарна контрола**

Ветеринарно-санитарната контрола опфаќа надзор врз пратки со животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко оплодување, оплодени јајце клетки, како и други предмети преку кои може да се пренесе некоја заразна болест. Контролата ја врши ветеринарно-санитарната инспекција, а делумно и земјоделската инспекција, и тоа на граничниот премин Прешево-Табановце.

### 6.2.4. **Фитосанитарна контрола**

Оваа контрола се однесува на пратките со растенија и билки. Надзор врз нивната исправност се врши на граничниот премин Прешево-Табановце.

## *6.3.Декларации*

Законите за заштита на потрошувачите во микро-регионот пропишуваат дека сите производи наменети за промет, вклучувајќи ги и оние од увоз, мора да имаат декларација која ќе содржи податоци за производителот, земјата на потекло, увозникот, дистрибутерот, составот, количеството, квалитетот, датумот на производство, рокот на траење, начинот на употреба, одржувањето и чувањето на производите. Ако производите во својот состав содржат бои, адитиви, ароми и слични додатоци, на декларацијата мора да биде наведено и нивното количество. Декларацијатата треба да е напишана на јазикот кој го зборува поголемиот дел од населението. Откако производот ќе се пушти во промет, декларацијата не смее да се менува или вади.

# 7. Како да го организирам транспортот на производите?

Транспортот на стоката можете да го организирате сами или преку шпедиција. Во оваа поглавје ќе најдете информации за шпедитерските услуги како и за некои од работите кои треба да ги знаете во случај да решите сами да го организирате за да го спроведете превозот на стоката, на пр. состојбата со патиштата и граничните предмети, прописи кои се однесуваат на превозот, транспортни трошоци итн.

## *7.1. Што ми е потребно да знам и да имам за да можам сам да го организирам превозот?*

### 7.1.1. Каква е состојбата со патишта во микро-регионот?

#### 7.1.1.1. Трговиште

Во рамките на микро-регионот, до Трговиште водат два главни пата.
Првиот е регионалниот пат 125 од с. Давидовац до с. Радовница, поточно до месноста Две Реки, во насока на Босилеград. Долг е 80,2 км, а од 31-от км, или вкупно 50,2 км, е под асфалт. Во просек, овој пат е со ширина од 6 метри, а висината на одредени места се спушта и до 4,9 метри. Сепак, најниската точка на патот се наоѓа во единствениот тунел и изнесува 4,7 метри.[33] Угорнини има, и до 20%, и тоа се главно кратки угорнини т.н. серпентини. Нив најмногу ги има на патот од Прохор Пчињски до с. Кленике, а тоа е всушност вториот регионалнен пат кој води од македонско-српската граница до Трговиште. Неговото име е 125а и има должина од 14,7 км, и е целосно под асфалт.

Патните служби се трудат максимално да обезбедат вертикална и хоризонтална сигнализација, а најголем проблем кој се исправува пред таквото обезбедување е фактот што овие патишта имаат статус на пат од трет приоритет. Помеѓу другото, овој статус значи дека во зимски услови, прекинот на патот може да трае и до 48 часа. Сепак, патиштата во зима се чистат редовно, и ретко кога застојот на патот е подолг од 2 часа. Зимската служба трае од 15 ноември до 31 март, а во овој период задолжително е носењето зимска опрема, ланци итн. За зимско одржување, службата има соодветна опрема, но не користи сол, туку само ризла.

[33] Сепак, лицата одговорни за тековно одржување на патот велат дека по него слободно и непречено можат да се движат тешки товарни возила.

Од двата, приоритет при чистење има патот 125а, што оди накај Прохор Пчињски, бидејќи тој спојува две држави. Летното одржување почнува во пролет со одводнување и косење на зеленилото околу патиштата.

Понатаму, се крпат дупките, се обележуваат патиштата и се повлекува зимската сигнализација.

Сообраќајниот интензитет на овие патишта е многу мал во однос на нивниот проточен потенцијал.

На патот постојат повремени мобилни полициско-сообраќајни контроли, а единствениот полициски пункт на патот е во с. Кленике.
Постојат и други регионални патишта, но тие се од помало значење. Еден таков е регионалниот пат 223, од с. Доњи Стајевац до с. Нови Глог, накај Врање. Овој пат не е модерезиран и има само две-три делници под асфалт од вкупните 12 км. Тој е широк околу 6 метри, иако неговата ширина на места достигнува и до 10 метри.

Сличен на претходниот е и регионалниот пат 238, од с. Лесница до с. Огут на Македонска страна, со таа разлика што овој пат има потенцијал да прерасне во фреквентна делница, доколку се отвори истоимениот граничнен премин меѓу Македонија и Србија. Тој е долг 10,4 км и не е асфалтиран, туку се наоѓа само под насип. Четири моста се изградени, но немаат мостовска ограда, а по должината на патот сеуште нема шахти.

#### 7.1.1.2. **Куманово**

Во рамките на микро-регионот, до Куманово се стигнува преку два главни пата.

Првиот е магистралниот пат Е75 кој е воглавно автопат и претставува дел од коридорот 8. Тој се наоѓа во мошне добра состојба, со исклучок на делницата непосредно до граничниот премин Табановце, во должина од 10 км. Оваа делница се состои од по една сообраќајна лента и нема целосна вертикална сигнализација.[34] По овој пат од границата до Куманово има пет бензиски пумпи, еден мотел и ресторан и еден полициски контролен пункт.

Вториот е регионалниот пат ЕР 202, кој е всушност продолжение на регионалниот пат 125а од српска страна и кој по 17 км се приклучува на магистралноиот пат М2 на 19,5 км северо-источно од Куманово. ЕР 202 е во лоша состојба. Овој пат кон граничниот премин Пелинце е изведен само со еден слој асфалт, односно нема завршен слој.

---

[34] Во план е да се направи автопатско решение и за овој дел од патот со средства од ЕУ.

Ширината на патот е приближно 6,5 метри и постои само една сообраќајна лента за двонасочен сообраќај.

Вертикалната и хоризонталната сигнализација се лоши или воопшто ги нема. На патот не постојат пропратни објекти, освен една бензиска пумпа која не работи. Лошата патна инфраструктура е и една причините зошто на овој премин не смеат да сообраќаат камиони и тешки возила.

Постои уште еден регионален пат кој подиректно ги спојува Гњилане и Куманово. Станува збор за патот кој води преку с. Станчич од косовска страна, до с. Злокуќане, липковско, на македонска страна. Од страната на Косово овој пат е нов и асфалтиран, со тенденција да се користи како регуларен граничен и царински премин, за што говори и неговата опременост со инфраструктура неопходна за извршување на пасошко-царинските формалности. Од македонска страна, овој пат сеуште се води како "црн пат", но по препораки на општина Куманово е ставен на агендата на Министерството за транспорт и врски. Со модернизирање на овој и отварање на официјален граничен премин Станчич-Злокуќане значително ќе се забрза и олесни транспортот кон и од Косово.

#### 7.1.1.3. **Прешево**

Патот кон Прешево е оној од граничниот премин кон Ниш, односно магистралата Е-75, која е во добра состојба и има две ленти, додека ширината на патот е 10 метри. После 3,5 километри од границата по магистралата Е-75 се завртува десно на патот кој води до Прешево. Овој пат е во катастрофална состојба. Неговата широчина е 5 метри, асфалтот е скоро цел уништен, а  дупки на патот има на секои 10-20 метри. Нема улично осветлување, ниту вертикална сигнализација. Ова е истиот пат кој поминува од општината и води до границата со Косово.

Од центарот на општината Прешево до граничниот премин со Косово (Мучибабе) има 14,5 километри, а името на магистралата е М25. Од општината спрема границата 3,5 километри од патот се асфалтирани, а преостанатитот дел не, и се наоѓа во катастрофаолна состојба. Оштетен е насекаде, скоро и да нема асфалт и комуникацијата се одвива многу споро за да не се оштетат возилата. Инаку, се оди по голема нагорнина со понекаде рамни делови. Патиштата во општина Прешево ги одржува Претпријатието за патишта кое се наоѓа во Врање, а општината секоја година склучува договор со нив.

#### 7.1.1.4. Гњилане

Гњилане е оддалечено 80 километри од граничниот премин Хани и Елезит-Блаце, преку кој се врши најголемиот дел од трговската размена помеѓу Македонија и Косово.

Откако ќе се помине границата кон Косово, патот на одредени места се поправа и има еден тунел. Во двата правци нема патарини.[35] Патот кон Гњилане е широк 6 метра, а на одредени делови ширината е до 5 метра. Бензински пумпи има на двете страни од патот и тоа се наоѓаат на секои стотина метри, но тоа е кон патот од границата кон Приштина, до местото Витина, преку кое се оди за Гњилане. Витина се наоѓа на околу 25 километри од граничниот премин Хани и Елезит. Од Витина патот е потесен, со широчина до 5 метри. На патот до Витина има бензиски пумпи и мотели на секој 1 км, а од Витина до Гњилане поретко.

### 7.1.2. Каква е состојбата со и на граничните премини?

Градовите од микро-регионот гравитираат кон неколку гранични премини. Најзначајни од нив се Прешево–Табановце, Прохор Пчињски–Пелинце, Прешево– Гњилане (Мучибабе) и Блаце–Хана и Елезит (поранешен Ген. Јанковиќ).

#### 7.1.2.1. Прешево – Табановце

Граничниот премин Прешево-Табановце е најфреквентен во микро-регионот. Движењето на луѓе и стока преку овој граничен премин на годишно ниво достигнува бројка од 600-700.000 возила и 2,5 – 2,8 милиони патници.

Од македонска страна, граничнот премин е неодамна реконструиран и проширен, со што се постигна побрз проток на стоки и патници и поефикасно извршување на пасошките и царински формалности. При реконструкцијата се изведе комплетната инфраструктура (водоводна, канализациона, атмосферска) и комплетно електрично напојување. Со тоа се обезбедија услови за ноќно осветлување и непречена 24 часовна работа на преминот. Понатаму, изведени се и паркинзи за лесни возила, тешки моторни возила и посебно паркинг за автобуси. Изградена е и нова зграда за Царината и Полицијата, која е опремена со сите потребни уреди.

Излезот од Табановце се состои од 6 излезни ленти од Македонија, со посебни ленти за тешки моторни возила, лента за автобуси и 2 коловозни

[35] Впрочем, на територијата на Косово воопшто и нема патарини поради непостоењето на автопати.

ленти за лесни возола, додека влезниот дел од СЦГ се состои од 8 влезни ленти со по 2 посебни ленти за тешки моторни возила, автобуси и лесни возила.

Од српската страна на границата има 8 излезни ленти, по две за автомобили, автобуси и камиони, и за дипломатски претставници. Граничниот премин е добар, пристапот е одличен, а комуникацијата се одвива релативно брзо. На самиот премин има големи паркинзи, посебно за камиони, автобуси и автомобили.

Во тек се активностите околу подготвувањето на првата фаза од и тендерската документација за главниот проект за реконструкција и изградба на граничниот премин Прешево, кој по проширувањето би требало да изгледа слично на преминот Батровци кон Хрватска, или Хоргош кон Унгарија.

#### 7.1.2.2. **Прохор Пчињски – Пелинце**

Овој граничен премин е опремен само со најосновната инфраструктура потребна за извршување на пасошките формалности. Од двете страни на преминот постојат само монтажни објекти од привремен карактер, во кои се сместени граничната полиција и царинската служба. Од српска страна постои и менувачница, но таа не работи редовно. За излез и за влез предвидена е само по една лента.

Иако преминот не е најсоодветно опремен, тоа не е пречка за тековно одвивање на сообраќајот во двете насоки. Ова оттаму што интензитетот на преминот е слаб. Слабата фреквентност се должи на постоењето забрана за движење на автобуси и тешки товарни возила преку овој граничен премин и забрана за пренос на стоки за деловни цели. Овие забрани делумно се поврзани со непогодната структура на рељефот, но и со одлуки од економска и политичка природа. Важно е да се знае дека ова е премин само за луѓе и патнички возила; преку него не смее да се тргува. Трговијата и царинските работи се пренасочени на Прешево-Табановце.

#### 7.1.2.3. **Прешево – Гњилане (Мучибабе)**

На граничниот премин Прешево-Гњилане (Мучибабе) има само две ленти за комуникација, по една за влез и излез. На границата освен бараката за контрола нема буквално ништо, па дури ни паркинг за автомобили. Комуникацијата е слаба и моментално низ преминот може да поминат само луѓе, а не и стоки. Од општината до граничниот премин нема ниту бензински пумпи, ниту хотели, ни помали кафулиња. Нема ниту хоризонтална ни вертикална сигнализација.

Сите трговци од прешевскиот регион кои вршат трговска размена со Косово, тоа го прават преку граничниот премин Dhe I bardh (Бела земја)

кој се наоѓа на територијата на општината Бујановац, а од Прешево е оддалечен 20 километри.

#### 7.1.2.4. Блаце – Хани и Елезит (Ген. Јанковиќ)

Овој граничен премин е еден од најфреквентните. Преку него се одвива 55,86 % од вкупниот извоз од Македонија на Ксосово и 49,05% од извозот од Косово во Македонија. Граничниот премин има два пункта за поминување, по еден на двете страни. Има и посебни терминали за камиони. На границата во склоп на Царинската служба постојат три сектора: Сектор за примање – ја прима целосната документација и врши увид, Сектор за контрола – врши контрола на квалитетот на производите и увид дали се пренесува она што не пропишано во пријавените документи, Административен сектор- завршна документација.
Од косовска страна на преминот има околу 50 шпедиции.

#### 7.1.2.5. Гранични премини во изградба

Граничен премин во изградба е Лесница-Огут и тој треба да се пушти во употреба наскоро. Овој граничен премин треба да ги поврзе Трговиште и Крива Паланка.

Во догледно време, треба да проработи и нов граничен премин меѓу Косово и Македонија, кој би се отворил во месноста Станчич-Злокуќане. Тој граничен премин понепосредно би ги спојувал Гњилане и Куманово. Завршување на градежните работи и отварање на преминот е предвидено до крајот на 2007.

### 7.1.3. Кои услови треба да ги исполнам за да можам да превезувам стоки за сопствени потреби?

#### 7.1.3.1. Македонија

За да добие лиценца за меѓународен превоз на стоки од Министерството за транспорт и врски, фирмата треба:

1. Да е впишана во трговскиот регистар за вршење на превоз во патниот сообраќај и да има решение за вршење на претежна дејност за одделен вид на превоз освен лиценци за сопствени потреби;
2. Да е сопственик на едно или повеќе возила за оделни видови превози што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациски услови;
3. Да има вработено возачи;

4. Да има вработено лице одговорно за превоз кое има успешно поминато проверка за професионална компетентност;
5. Да располага со сопствен капитал од најмалку 2.000 ЕВРА во денарска противвредност по возило или 50 ЕВРА во денарска противвредност по тон на најголема дозволена маса на товарно возило;
6. Да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај;
7. Да има во сопственост капацитет за паркирање и одржување на возилата или доказ за користење на таков капацитет со рок на важење од најмалку четири години.

#### 7.1.3.2. **Косово**

Секторот за транспорт при Министерството за транспорт, пошта и телекомуникации на Косово издава дозвола за превоз на стоки за сопствени потреби доколку се поднесени следниве документи:

1. Уплатница од 50 евра и барање во кое се наведени името, адресата и телефонскиот број на компанијата;
2. Сертификат од регистрирањето на фирмата (за вршење на транспортни дејности за сопствени потреби);
3. Документ издаден од Општинскиот суд дека сопственикот на бизнисот нема законски пречки;
4. Доказ дека се подмирени даночните обврски;
5. Потврда од Министерството за економија и финансии дека претпријатието нема административно фискални пречки во последните шест месеци;
6. Документ за сопственост на возило потешко од 3,5 тони и документ за стока која се транспортира не потешка од 6 тони. Возилото треба да биде осигурано на Косово;
7. Документ за техничка исправност на возилото, не постар од шест месеци;
8. Транспортното возило треба од двете страни да ги има ознаките на фирмата, со димензии 20х40 сантиметри (треба да се донесат фотографии од предната и од страната на возачот на возилото).

Целокупната документација за добивање на дозвола за транспорт за персонални потреби чини 200 евра, а процедурата трае еден месец.

#### 7.1.3.3. **Србија**

За вршење на меѓународен превоз за сопствени потреби во Србија потребна е дозвола која ја издава Секторот за патен сообраќај при

Министерството за капитални инвестиции. Документите кои се потребни да се приложат при поднесувањето барање за издавање уверение за оспособеноста за вршење меѓународен превоз во патниот сообраќај се следниве:

1. Барање за издавање уверение за оспособеноста за вршење меѓународен превоз во патниот сообраќај, поднесено на меморандум на претпријатието, потпишано и заверено од страна на директорот, заведено под број во самата фирма. Барањето треба да содржи основни податоци за фирмата, адреса и седиште, број на телефон и факс, број на жиро-сметка, матичен број на фирмата и име на директорот и одговорното лице во претпријатието. Потребно е да прецизирате дека Вашето барање се однесува на превоз на стока за сопствени потреби.
2. Доказ дека е извршена уплата во согланост со одлуката за висина на надоместокот за утврдување на условите за вршење меѓународен превоз во патниот сообраќај. Како цел на дознаката треба да стои „Издавање уверења о испуњености услова за обављање јавног међународног превоза у друмском саобраћају." Примател е „Приходи органа и организација", а износот е 19.200 динари. Жиро сметка е 840-1562845-88. Повикувачкиот број е 97 90-12400-0000-74232122, а шифрата на плаќање е 253 за вирманско и 153 за готовинско плаќање.
3. Заверена копија од решението за основање на претпријатието од надлежниот стопански суд (Фи Образец.)
4. Потврда или гаранција од деловна банка дека превозникот располага со 100 евра по тон дозволена носивост на товарното возило кое ќе се користи во меѓународниот превоз. Оваа потврда или гаранција мора да биде издадена на оригинален меморандум на банката, заведена, заверена и потпишана од страна на одговорното лице на банка.
5. Потпишана и заверена изјава на директорот за возилата со список на регистарски ознаки и назнака за поседувањето на уверенијата „зелено," „позелено и безбедно," и „ЕУРО 3 безбедно."
6. За секое возило во сопственост или под наем, потребно е да се приложи заверена копија од сообраќајната дозвола со по две фотографии во боја од кои што несомнено може да се утврди изгледот на возилата и да се забележи фирмата испишана на него како и регистрацијата.
7. Оригинална потврда за заснован работен однос на директорот или одговорното лице, заверена копија од дипломата и работната

книшка заради утврдување на исполнувањето на условите за стручна подготвеност.

8. Потпишана и заверена изјава на директорот за вработените возачи кои ќе го вршат превозот (име, презиме и матичен број.) За секој возач потребно е да се достават заверени копии од работната книшка и возачката дозвола и оригинал или заверена копија од потврда од надлежниот секретарјат за внатрешни работи дека возачите не биле кривично казнувани за дела од областа на безбедноста во сообраќајот на патиштата.

### 7.1.4. ЦЕМТ дозволи

За издавање на ЦЕМТ потребно е да се поднесе следната документација:

1. Заверена фотокопија од обрасците за регистрација на превозникот;
2. Заверена фотокопија од решение за претежна дејност на превозникот издадено од Државниот завод за статистика;
3. Фотокопија на билансот на успехот од завршната пресметка на превозникот од претходната година заверена од установата која го води трговскиот регистар;
4. Потврда од деловна банка за остварен вкупен девизен прилив во тековната година;
5. Потврда од деловна банка за остварен прилив на жиро сметка во тековната година;
6. Пријава за вработени возачи, заверена во фондот за пензиско и инвалидско осигурување и во заводот за вработување и заверен образец М-1 и М-2;
7. Заверена фотокопија од сообраќајните дозволи на влечните и приклучните возила кои се во сопственост на подносителот на барањето и ги исполнуваат еуро стандардите;
8. Заверена фотокопија од сообраќајните дозволи на влечните и приклучните возила кои се земени под лизинг и регистрирани од страна на подносителот на барањето и ги исполнуваат еуро стандардите со оригинал од нотар и договор за лизинг со овластена фирма за давање на возило под лизинг со оргинал заверка од нотар.
9. Фотокопија од ЦЕМТ сертификати кои потврдуваат дека возилата се во согласност со прописите на ЦЕМТ за исполнување на стандардите за испуштање на издувни гасови и бучава и безбедност на превозното средство, приколката и/или полуприколката.

Во Македонија, барањето за добивање на ЦЕМТ дозвола лицето го доставува до архивата на Министерството за транспорт и врски во

периодот од 15 септември до 12 октомври во тековната за наредната година.[36] Распределбата на меѓународни дозволи за превоз на стока ја врши Комисијата за распределба на дозволи формирана од Министерот за транспорт и врски. Неа ја сочинуваат 5 члена. За добивање на ЦЕМТ дозвола се плаќа само административна такса од 6.000 денари. ЦЕМТ дозволата важи само за Србија, а превозот на стока од Македонија во Косово се одвива без некакви посебни дозволи, односно слободно.[37]

Во Србија, барањето се поднесува до Секторот за патен сообраќај при Министерството за капитални инвестиции од 15 октомври до 1 ноември во тековната година за наредната година.

### 7.1.5. **Колку пари ќе ме чини превозот?**

Трошоците при превоз на стоката од Куманово до Врање, во еден правец се следниве. Ви требаат околу 35 литри нафта, 10 евра за патарина т.е. дезинфекција, 20 евра за извозен терминал и 15 евра за терминал на српска страна од границата, доколку се работи за српски камион, односно 50 евра, во случај камионот да е регистриран во Македонија. Понатаму, потребни Ви се околу 25 евра (во зависност од стоката) за изготвување на документи, т.е. пропратница, ЦМР и фактура, и 17 евра за терминал во Србија. На вакви кратки релации, возачот обично се плаќа 8-10% од вредноста на пренесената стока.

Транспортните трошоци за превоз на стока од Куманово до Гњилане, во еден правец преку Блаце се околу 85 литри нафта (но ако сообраќајот се одвива отежнато, што е чест случај, потребни Ви се и над 100 литри), 8 евра за патарина, со тоа што треба да се напомене дека на косовска страна нема патарини, 20 евра за извозен терминал, 5 евра за дезинфекција на Косово и 30 евра за терминал во Косово.

Пропратница не е потребна, туку само ЦМР и фактура. Возачот, исто така, се плаќа отприлика 8-10% од вредноста на пренесената стока.

### 7.1.6. **Има ли задржувања при транспорт?**

Да. Најголеми се задржувањата на граничен премин и при внатрешно царинење.

#### 7.1.6.1. **Задржувања на граничен премин**

Фирмите кои тргуваат во микро-регион имаат различни искуставата кога станува збор за времетраењето на превозот.

---

36 Правилник за постапката, критериумите и начинот на распределба на дозволите за меѓународен превоз на стоки, член 6.

37 Контакт лице за издавање на ЦЕМТ дозволите е Јулјана Јанкуловска, тел: (02) 314 5530, julijana@mtc.gov.mk.

Некои од нив велат дека понекогаш се соочуваат со ситуација на еден камион да му е потребно два дена да стигне на својата одредница, без притоа да знаат да ја лоцираат причината за тоа. Други искуства укажуваат дека ако стоката стигне на граница во 5 или 6 изутрина, а плаќањето се изврши и парите стигнат на сметка во 9 или 10, се случува камионот да биде пуштен во 16 часот, кога завршува смената на царина. Кога е лето ова и не е голем проблем, но во зима, кога рано се стемнува, може да се јави проблем при растоварање на стоката. Сепак, општо искуство е дека за извоз малку се чека, особено ако станува збор за извоз на стока со краток век на траење (зеленчук, овошје, итн.) Во одреден број случаи, проблемот на задржување на стоката на царина се појавува при трговија со производи од животинско потекло и се должи на тоа што граничните премини немаат ветеринар 24 часа во текот на денот. Затоа, некогаш многу се чека, бидејќи стоката не може да се пушти без проверка од ветеринар.

Според српски официјални извори, товарните возила при влез во Србија се задржуваат околу два часа, а при излез-околу 5 минути. Прецизни информации за времето на чекање на еден камион да ги помине сите процедури од македонската страна на границата ќе бидат готови на крајот на ноември, како резултат на проект кој се спроведува од страна на Царинската управа на Македонија, а кој го опфаќа протокот на граничниот премин Табановце, при што се земени предвид 2.000 – 3.000 камиони во 10 временски интервали.

За патнички возила, задржувањето не е поголемо од времето потребно за извршување на пасошките и царински формалности.

### 7.1.6.2. **Време поминато при внатрешно царинење**

Во однос на задржувањето на стоката на внатрешно царинење постојат различни рокови, кои зависат од типот на стоката која се пренесува и репутацијата на фирмата која ја пренесува, или поточно – од одлуката на одделенијата за анализа на ризик.

Овие одделенија, врз основа на определени критериуми и компјутерска база на податоци за фирмите, одредуваат на кој канал ќе биде пуштена одредена стока за да се провери.

Постојат три канали по кои една стока може да биде пуштена за проверка: зелен, жолт и црвен. За зелен канал нема задржување, што значи дека стоката ќе биде пуштена веднаш по прегледот и заверката на документација од страна на царината. Задржувањето на жолтиот канал е околу 20 минути, додека на црвениот е еден час, и се однесува на стока која

е оценета како ризична или на фирма за која искуството покажало дека работи несовесно.

## *7.2. Ангажирајте шпедиција!*

Алтернативен, и, во повеќето случаи, полесен начин да го извршите превозот на стоката до одредената дестинација е да ангажирате шпедиција. Таа ќе ве застапува пред царинските и други државни органи и ќе го организира и изврши вашиот увоз, извоз или транзит во микро-регионот.

### 7.2.1. **Кои услуги можам да ги добијам ако ангажирам шпедиција?**

Во текот на сиот тој процес на застапување пред царинските и други државни органи и организирање и вршење на вашиот увоз, извоз или транзит во микро-регионот, шпедицијата обично ги презема следниве операции и дејства, кои се секогаш вклучени во цената на шпедитерската услуга.

1. Соработка и разговори пред потпишувањето на купопродажените договори, и учество при договарање на паритетот според INCOTERMS 2000, давање на совет за превоз и други активности кои се однесуваат на транспортната проблематика;
2. Изработка на претходни пресметки на транспортните и други трошоци;
3. Потврдување на приемот и контрола на диспозицијата;
4. Посредување при претходното и конечното осигурување на стоката од ризиците кои се наведени во диспозицијата;
5. Инстрадиција на пратките;
6. Давање на транспортни инструкции на испраќачот;
7. Составување на превозните документи;
8. Писмен отповик на стоката од и во странство;
9. Ангажирање на странски шпедитери;
10. Ангажирање на превозници;
11. Писмено и телефонско известување за движењето на пратката;
12. Ангажирање на инспекциски служби, ако тоа е одредено со царинската постапка и законот;
13. Посредување кај агентите за резервирање на сите видови превозни средства;

14. Организирање на пристапот на стоката до овластени организации за квантитативен и/или квалитативен преглед на стоката по налог и овластување на комитентот;
15. Осигурување докази за остварување регресни права на комитентите;
16. Поштарина за писма и шпедитерски обрасци;
17. Контрола на количеството, вредноста и трговскиот назив на стоката, режимот на увоз и тарифското именување на стоката;
18. Проверка на изјавите за ослободување од давачки во смисла на основи по кои стоката е ослободена од давачки;
19. Проверка на фактурите во смисла на правилно наведување на количеството, вредноста и називот на стоката и евентуално усогласување со склучениот договор;
20. Пополнување на увозната/извозната царинска декларација и примена на царинските тарифи;
21. Составување молби за ослободување од плаќање на царински давачки по разни основи;
22. Составување молби до царината за ревизија на царинската постапка;
23. Составување барања до царината за чување на стоката во посебни складишта и останатите поднесоци;
24. Барања до царинската управа за објаснувања околу примената на царинските и даночните прописи;
25. Давање информации околу распределбата на стоката по царинска тарифа, снижување на царинската стапка по контигенти и слично, и конечно
26. Присуство при царинската проверка на стоката на местата кои царината ги определила за вршење на редовен царински преглед.

### 7.2.2. **Кои се цените на шпедитерските услуги**?

Унифицирани цени на шпедитерски услугите на ниво на микро-регион или држава нема, иако постоеле иницијативи за такво нешто. За сега, цените на шпедитерските услуги варираат меѓу различните шпедитерски куќи од микро-регионот, кои патем кажано ги има многу и лесно се наоѓаат, најчесто на пофреквентните гранични премини и покрај царинските терминали.

### 7.2.3. **Како да ангажирам шпедиција**?

За да ангажирате шпедиција, треба да издадете полномошно, кое еднаш потпишано трае неограничено. Има три вида полномошно. Првото е кога фирмата работи сама за себе и сама се шпедитира. Второто се нарекува

полномошно за директно застапување, и се издава кога шпедицијата не се сомнева во фирмата со која соработува и превзема целосна одговорност за нејзините документи. На крај, постои т.н. полномошно за индиректно застапување, а тоа е кога шпедицијата подготвува документација меѓутоа не одговара за вистинитоста на документите кои биле доставени од фирмата. Во микро-регионот, најчесто се практикува последниот начин на индиректно застапување.

# 8. Плаќања и наплати на побарувања, финансиска поддршка на трговијата во микро-регионот

## *8.1. Начини на плаќање и наплата на побарувања*

### 8.1.1. Готовински плаќања

Тука спаѓаат слободните девизни плаќања и авансот. Последново овозможува предвремена наплата на стоката, т.е. избегнување на ризикот од неплаќање, како и користење на добиените средства за понатамошни вложувања во производството. Ова е мошне редок начин на плаќање/наплата во микро-регионот, најмногу заради неспремноста на купувачите да платат однапред. Некои од нив навистина може да се решат да платат дел од стоката однапред и во готовина, но тоа е случај само кога постои голема побарувачка на производот или доколку производот е однапред нарачан од трето лице. Меѓутоа, и тогаш, купувачот најчесто бара банкарска гаранција за поврат на авансот во случај на евентуална неиспорака.[38]

### 8.1.2. Акредитиви

Акредитивот е налог со кој банката на барање на својот комитент овластува своја филијала или некоја друга банка за нејзина сметка, а на товар на побарувањата на комитентот или на кредитот кој комитентот го има во таа банка која го издава налогот, да му ја исплати на лицето што е означено во налогот одредената сума пари, во целост или во делови. Овој вид на наплата подразбира постоење на банка која ќе гарантира дека побарувањата ќе бидат наплатени. Активирање на акредитивот се врши откако ќе се достави документ кој по својата содржина, облик и рокови одговара на условите пропишани во самиот акредитив. Ова е прифатлив начин на плаќање/наплата, бидејќи деловната банка се појавува во својство на гарант. Со акредитивот може да се договори кој ќе ги поднесе трошоците на трансакцијата, кои најчесто се изразуваат во процент од договорената трансакција. Плаќањето е по видување или на одложено.

[38] При подготовката на овој дел, користени се материјали и податоци од Прирачникот за извозници во издание на Агенцијата за странски вложувања и промоција на извозот на Република Србија, 2005.

Постојат два вида на акредативи: личен акредитив и документиран стоковен акредитив. Потврдениот и непотврдениот акредитив фигурираат како видови на документираниот стоковен акредитив, при што кај потврдениот акредитив се јавува уште една банка која гарантира дека плаќањето ќе биде извршено. Оваа банка ја презема обврската да го изврши плаќањето доколку првата банка, која е воедно и издавач на акредитивот, не ги исполни своите обврски. Непотврдениот акредитив нема гаранција од втора банка. Во случај банката која го издава акредитовот да не ја плати гаранцијата, тогаш нема да можете да ги наплатите своите побарувања. Во овој контекст значајни за споменување се Ностро и Лоро акредитивите кои ги овозможуваат банките. Ностро акредитив е отворен од домашен увозник во корист на странски извозник, додека Лоро акредитив е отворен од странски увозник во корист на домашен извозник.

### 8.1.3. Банкарска гаранција

Банкарската гаранција овоможува сигурна наплата доколку банката која ја издава е јака и солвентна. Постојат неколку вида на банкарска гаранција: гаранција на плаќањето, гаранција дека понудувачот нема да се откаже во случај на тендер или лицитација, гаранција за добра изведба на работите и авансна гаранција–дека авансот ќе му биде вратен на купувачот доколку не дојде до испорака на стоката.

### 8.1.4. Документирна (Инкасо) Наплата

Ова е всушност писмен налог од продавачот до банката да му ги врачи на купувачот документите врз основа на кои ќе може да располага со стоката, но само откако ќе исполни одредени услови. Инкасо опфаќа наплата пари во готово, наплата на достасани побарувања и неутрална банкарска операција што се состои во наплатата за одредена провизија на разни хартии од вредност, платни инструменти и документи за сметка на комитентите.

### 8.1.5. Жиро-сметка

Ова е тековна сметка отворена кај банка преку која се врши безготовински платен промет. Овој вид на наплата на побарувања подразбира дека продавачот ќе ја испорача стоката и дека преносот на сопственост ќе се изврши пред да се наплати стоката.

Тој обично се користи кога станува збор за познат купувач, односно трговски партнер со кој сте имале преходна и успешна деловна соработка.

Преку отворена смета се овозможува одложено плаќање и до 90 дена, а некогаш и повеќе. Продавачот во тој случај ја финансира целата зделка се додека не му бидат уплатени средствата. Во микро-регионот, откако ќе стигне фактура за наплата, таа мора да се изврши најдоцна за 9 дена.

### 8.1.6. **Меница**

Меницата е стого формална исправа која се издава на законски пропишан образец и гласи на одреден паричен износ. Таа има широка примена во меѓународниот платен промет, и, освен како платежно средство, се користи и како средство за обезбедување на договорените обврски. Според начинот на издавање, мениците се делат на влечни и сопствени. Влечена меница е онаа меница (хартија од вредност со пропишана форма) со која нејзиниот издавач се обврзува дека по негов налог друго лице ќе ја исплати меничната сума на трето лице, во рок во кој доспева меницата. Кај сопствената меница не постои второ лице, што значи дека нејзиниот издавач се обврзува да изврши исплата на меничниот износ на трето лице, назначено на меницата, во рокот на меничното доспевање. Според носителот на меницата, исто така постојат два вида на меница. Првата е меница на име и на неа стои име на корисникот и името на оној што треба да го исплати износот. Втората се нарекува меница на доносител и во неа е прецизирано само кој треба да го уплати износот, додека корисник е секој оној кој ќе ја донесе меницата за наплата. Со меница може да се продаде стока, да се купи, да се тргува, да се плаќа и сл. Најмногу се користи во микро-регионот, бидејќи наплатата судски е најбрза, т.е. има предност (првенство) на наплата. Основни менични операции се:

1. Издавање меница– тоа е операција со која издавачот на меницата(трасантот) превзема менична обврска со што се засновува посебен правен однос меѓу него и имателот на меницата (ремитентот)
2. Пренос (индосирање)– тоа е операција на пренесување на меницата на друго лице, со тоа што преносот се забележува на нејзиниот грб. Изјавата на имателот на меницата (индосантот) со која тој го пренесува своето право на друго лице (индосаторот) е наречен индосамент.
3. Акцептирање на меницата – тоа е операција што се состои во ставање на изјавата на трасатот на самата меница, што означува дека тој ја прифаќа меничната обврска т.е се согласува во времето на стасувањето на меницата да изврши исплата на меничната обврска, односно назначената сума пари.

4. Менична гаранција или авал – Авалот е изјава внесена во меницата со која авалистот гарантира со својот потпис дека меничниот должник ке ја изврши меничната обврска.
5. Исплата на меницата – се состои во доброволно исплаќање на меничната сума од страна на меничниот должник без судска интервенција.
6. Интервенција–тоа е операција со која едно лице ја акцептира или ја исплатува меничната обврска место меничниот должник, којшто во моментот на стасувањето на меницата не е во можност да ја исплати меничната обврска. Интервенцијата обично има за цел заштита на кредитниот углед на меничниот должник.[39]

### 8.1.7. **Чек**

Чекот е инструмент за надворешно-трговско плаќање и претставува хартија од вредност со која издавачот и наложува на својата деловна банка од неговата сметка да пренесе одреден износ на сметката на корисникот или доносителот на чекот. Кај чекот се јавуваат три субјекти: трасант – тоа е лицето што го издава чекот за да се исплати наведената сума пари од неговото покритие (депозит или кредит), трасат – тоа е банката што треба да го исплати чекот и ремитент–тоа е корисникот на чекот, кому треба да му се исплати назначената сума пари. Ако на чекот е назначено кому треба да му се плати, тогаш се вели дека станува збор за чек кој гласи на име. Износот на чекот кој гласи по наредба се плаќа на корисникот на чекот или по негова наредба на некое друго лице. Чекот на донесувачот обично содржи клаузула „плати на донесувачот.“ Обично, чековите се поднесуваат за наплата во рок од 8 до 70 дена. Чекот како средство за плаќање има големи предности во споредба со плаќањето со готови пари, го олеснува стоковно-паричниот промет и ги смалува неговите трошоци. Но, сепак, се настојува негово исфрлање од употреба.

### 8.1.8. *Лизинг*

За потребите на овој прирачник, лизинг е механизам преку кој давателот (обично некоја финанскиска институција), по претходен договор со примачот (фирма), купува опрема од добавувачот и му ја дава на користење на примачот, а тој пак ја ползува при деловното работење и стекнува приходи по таа основа, кои му овозможуваат да ја исплаќа договорената обврска спрема давателот, во месечни рати во договорениот

---

[39] Користени се податоци од Економскиот лексикон на др.Јордан Крстески (трето издание) 2000 год.

рок. Месечната рата ја опфаќа главнината и каматата, а рокот за исплата обично изнесува три до пет години.

Времето е ирелевантно е се прави по договор со купувачот. Опремата која се зема на лизинг мозе да биде повратна (да се земе на користење) или неповратна – да се откупи на тој начин. При лизинг, опремата останува во сопственост на давателот, додека примачот стекнува владение и право на плодоуживање. По истекот на договорот за лизинг, примачот (корисникот) може да реши да му ја врати опремата на давателот или да ја купи по цена која е значително пониска од пазарната. Најчесто во пракса, но не и задолжително, договорот за лизинг се склучува така што со плаќање на последната месечна рата, примачот автоматски стекнува сопственост врз опремата.

Во микро-регионот, лизингот се користи најчесто при купување на превозни средства. Во останатите случаи, начинот на плаќање не е поволен за клиентите бидејќи доколку и само една рата доцни или не се уплаќа, сопственоста не се пренесува, а владението се одзема.

### 8.1.9. **Факторинг**

Факторинг е посебен договор помеѓу банката и клиентот, со кој банката се обврзува да ги преземе ненаплатените побарувања на клиентот со провизија која најчесто изнесува од 2% до 10% од вкупното ненаплатено побарување. При факторингот, клиентот ја доставува целокупната документација за ненаплатеното побарување до банката, а банката му го исплаќа неговиот износ намален за износот на провизијата, во која е пресметана каматата на преземените побарувања до нивната наплата, ризиците на ненаплатливост и банкарските услуги.

### 8.1.10. **Компензација**

Компензацијата претставува вид на стоковна размена на вредности; меѓусебните обврски се пребиваат, т.е. надоместокот за примената стока се подмирува не со пари туку со друга стока, со плаќање на евентуалниот остаток. Во потесна смисла на зборот, компензацијата означува начин на плаќање со странство, така што извозот на некоја стока се наплатува со увоз на некоја друга стока. Постојат повеќе видови на компензациски работи. Една од нив носи назив бартер и претставува непосредна размена на една стока за друга стока, која е слична на трампа.

Сепак, бартерот може да се појави и како работа при која продавачот прифаќа дел од побарувањето да му се плати во пари а преостанатиот дел, обично – поголемиот дел – во стока или услуги.

На бартерот се применуваат правилата кои важат за купопродажен договор. Таканаречениот бај-бек, пак, претставува вид на компензација при која продавачот на индустриска опрема или издавачот на лиценца го прима надоместокот за испорачаната стока, односно отстапената лиценца во стока добиена со употреба на таквата опрема, односно лиценца. Контракуповната компензација е вид на врзана продажба која се состои од два договори: главен и контрадоговор. Имено, наместо трампа, договорните страни тука склучуваат два купопродажни договори кои се упатени еден на друг, а наместо плаќање на цената, секоја од страните испорачува стока во својство на продавач.

## 8.2. *Финансиска поддршка на трговијата во микро-регионот*

### 8.2.1. **Банки**

Според истражувањето на мислењето на претприемачите од микро-регионот, спроведено од страна на East-West Institute во 2006 година, околу 19% од претпријатија во микро-регионот го решаваат проблемот со финансирањето на својата работа преку задолжување кај финансиските институции, т.е. преку комерцијални кредитни линии од деловните банки. Банките одобруваат кредити наменети за финансирање во основни и обртни средства, набавка на суровини, исплата на плати, подмирување на режиските трошоци, производство, продажба и извоз. Кредитните понуди и услови варираат од банка до банка и од држава до држава.[40]

[40] Во Македонија, најчесто се нудат кредити кои го потикнуваат развојот на малите и средни претпријатија. Се издаваат на краткорочна и долгорочна основа. Краткорочните кредитни линии се наменети најчесто за финансирање на набавка на основни и обртни средства, суровини и материјали потребни во производствениот процес, подготовка за извоз и сл. Долгорочните кредити, пак, се наменети за набавка на опрема, изградба на нови објекти или реновирање на постоечки производствени капацитети, финасирање на посебни проекти и сл. Инвест Банка нуди кредитна линија од Фондот за развој на приватниот сектор, во соработка со Светска Банка. Целна група се малите и средни претпријатиа без разлика дали се ново формирани или веќе подолго време успешно функционираат. Кредитите се наменети за набавка на основни и обртни средства, набавка на суровини и резервни делови. Рокот на отплата е до 5 години со вклучен грејс приод од 2 години. Стопанска Банка, исто така, нуди кредтит за мали и средни претпријатиа на краток и долг рок. Краткоточниот кредит има рок до 1 година и е наменет за купување на суровини, за подготовка на извоз, за ликвидност. Долгорочниот кредит има траење подолго од 1 година. Наменет е за купување на опрема, изградба на објект, финансирање на посебни проекти и сл. Уни Банка нуди кредити за претпријатија од производна, трговска, усужна или земоделска дејност. Банката одобрува рамковни кредити за основни и обртни средства.

### 8.2.2. **Фондови за развој**

Освен преку комерцијални кредитни линии, Вашите трговски зделки можете да ги финансирате и преку различните државни и меѓународни фондови за развој или помош. Тука главно станува збор за неповратна помош, т.н. грантови,[41] која се реализира во соработка со донаторите, но и за кредитирање под мошне поволни услови, наменето за унапредување на трговската соработка во микро-регионот и пошироко.

Основен модел за користење на средствата од фондовите за развој е на кредитна основа. Овие средства се одобруваат на регистрирани правни лица, со исклучок на делот на средствата наменети за кредитирање на физички лица и занаети, кои обично се одобруваат преку деловните банки. Најчести програми кои се нудат преку ваквите фондови се регионален развој, мали и средни претпријатија, поттикнување на производството и извозот, краткорочно кредитирање на стопанството и кредитирање на традиционалните занаети.

#### 8.2.2.1. **Регионален развој**

Учеството на фондовите со финансиски средства во кредитирањето на инвестициите може да изнесува од 40% до 80% од вредноста на инвестицискиот зафат, со каматна стапка од 1% до 5% на годишно ниво, и најчесто – со примена на валутна клаузула. Кредити за основни средства се одобруваат со рок на отплата до 5 години и грејс период до една година. Кредити за трајни обртни средства се одобруваат со рок на отплата до 3 години и грејс период до една година. Во пресметковната вредност на

---

Во Косово, приоритетните сектори кои се поддржуват од банките преку кредити се економскиот, и тоа трговија, индустрија, и земјоделство. Каматата на кредитите изнесува 10%-15% на годишно ниво. Се издават долгорочно (за приватизирање на општествените компании, основни средства, трајни средства за унапредување на стопанството, вработување и развој на МСП. Краткорочните кредити пак се наменети за извоз и увоз на производи, суровини и производство.

Кредитна Банка во Приштина нуди кредити со каматна стапка од 14,5 и 13% , а како инструмент за обезбедување на кредитот се бара хипотека. Економска банка АД Приштина дава кредити за правни лица 1,25% месечно и за физички лица 1% меечно, со грејс период од 6 месеци со рок на отплата до 24 месеци, а за приватизирање на акционерските друштва – до 36 месеци. Касабанка нуди кредити за производство со каматна стапка од 10-12% годишно, со грејс период од 6 месеци. Покрај банките постојат и небанкарски институци (микрофинансиски) кои нудат кредити на Косово. Такви се Адие Интернационал, која има програма за рурално финансирање и КЕП која преку локалните банки нуди кредити и техничка помош за претпријатија.

[41] Искористеноста на грантовите во микро-регионот е многу ниска, и според истражувањата на East-West Institute таа учествува со само 0,1% во финансирањето на работата на претпријатијата.

инвестицијата се признаваат само новите вложувања, кои се вршат од моментот на поднесување на барањето за кредитирање.

#### 8.2.2.2. **Мали и средни претрпијатија**

Учеството на фондовите со финансиски средства во кредитирањето на инвестициите на малите и средни претпријатија обично изнесува 40% од вредноста на инвестицискиот зафат, со каматна стапка од 5% на годишно ниво и примена на валутна клаузула. Средствата се одобруваат со рок на отплата до 5 години и грејс период до една година.[42]

#### 8.2.2.3. **Поттикнување на производството или извозот**

Кредитите за финансирање на производството и подготовката за производство на стока наменета за извоз се одобруваат со рок на отплата до шест месеци, каматна стапка од 5% на годишно ниво и примена на валутна клаузула.

#### 8.2.2.4. **Краткорочно кредитирање на стопанството**

Дел од средствата кои нема да се искористат за инвестициони проекти, можат да се пласираат како краткорочни заеми на претпријатијата и деловните банки. Рокот на отплата е до една година, а каматната стапка е со висина на есконтната стапка на народната банка во односната држава.

#### 8.2.2.5. **Кредитирање на традиционалните занаети**

Кредитите од овие програми се одобруваат со посредство на деловните банки, со рок на отплата до 5 години со тримесечни рати и грејс период до една година. Каматната стапка на овие кредити варира од 1% до 5% на годишно ниво, во зависност од општината каде што се наоѓа занаетчиската работилница. При отплата на овој кредит се применува валутна клаузула.[43]

---

[42] УСАИД поддржува иницијативи за развој на приватниот сектор и бизнисите. СИДА дава неповратна помош преку проекти за развој на земјоделството, на приватниот сектор и за економски развој. ГТЗ нуди донации за потикнување на производството. УНДП организира обуки и дава поддршка за индустрискиот развој и развојот на малите и средни претпријатија.

[43] Во Македонија преку проектот на USAID кој е насловен како ,,Помош на занаетчиите“ (АТА) се доделуваат 50 гранта од 500 до 1.500 американски долари на мали и средни претпријатија за развој на локалниот и извозниот пазар на современи или традиционални занаетчиски производи. Грантовите се доделуваат два пати годишно, а крајните рокови за пријавување се: 15-ти февруари и 15-ти август. Види small_grants@aidtoartisans.org.

# 9. Кои даноци треба да се платат на крајот од деловната година?

## *9.1. Кратки воведни забелешки*

Трговските фирми од микро-регионот се обврзани да платат 3 вида даноци и тоа:

1. Данок на додадена вредност (ДДВ)
2. Данок на добивка и
3. Персонален данок.

### 9.1.1. ДДВ

Од соодветната управа за јавни приходи се определува кој е даночен обврзник а кој не, односно дали треба или не треба да се плаќа данок. Доколку приходите на една фирма се поголеми од расходите, тогаш таа плаќа ДДВ, но доколку приходите се помали од расходите (фирмата работела со загуба) тогаш таа праќа барање до УЈП за повраток на парите. Плаќањето се врши: месечно, тримесечно или годишно. Данокот на додадена вредност има две стапки. Општата стапка е 18 % за Србија и Македонија, а 15% за Косово. Повластената стапка, која се наплаќа за посебна група на производи кои имаат статус на неопходни, е 8% за Србија, 5% за Македонија и 0 за Косово.

### 9.1.2. Данок на добивка

Се плаќа месечно (месечна аконтација). Се пресметува на крај по завршна годишна сметка која претставува и основица за пресметување на овој данок. Пресметката е следна: завршната годишна сметка (основицата) се дели со дванаесет месеци и се добива колку месечно изнесува годишната сметка. На добиената вредност од секој месец се пресметува процент (различен за секој месец) кој се гледа од соодветен билтен[44] кој излегува месечно. И на крај, на таа добиена вредност се пресметува данокот, кој изнесува 20% за Косово, 12% за Македонија,[45] и 10% за Србија и се уплаќа во соодветната управа за јавни приходи.

---

[44] Секоја книговодствена фирма месечно добива билтени од консалтинг куќи на кои се претплатени.

[45] Од јануари 2008, даночната стапка на овој данок ќе изнесува 10%.

### 9.1.3. Персонален данок

Овој данок се наплаќа на секој личен доход по стапка од 10% за Србија, 12% за Македонија[46] и со променлива даночна стапка од 0 до 20% за Косово, како и по основ на договор на дело и на закуп на простории со променлива даночна стапка.

### 9.1.4. Како се плаќаат даноците?

Утврдениот данок, треба да се плати од средствата кои ги водите на Вашата сметка кај носителите на платниот промет. Данокот се плаќа преку налог за плаќање на јавни приходи, поточно образец кој може да се земе директно од даночното оделение во Вашата општина или да се преземе од веб-страницата на управите за јавни приходи. При пополнување на налогот треба да се наведе Вашиот ЕДБ, а во полето повикување на број, се наведува аконтативниот или даночниот период на кој се однесува данокот што го плаќате. Доколку данокот е веќе утврден со решение издадено од УЈП, тогаш во полето повикување на број, го наведувате бројот на решението. Целта на плаќањето опишете ја со зборови во полето цел на дознака. Точно наведете ја уплатната сметка и приходната шифра. Парите се плаќаат на трезорска сметка на соодветната народна банка, вирмански (преку налог.)[47]

### 9.1.5. Каде да се обратам за подетални информации?

Во врска со основните правила и процедури, даноци и начин на нивно пресметување, пријавување и плаќање, обратете се до даночниот информатор во Вашата регионална дирекција или даночно одделение во Вашата општина. Исто така, можете да ја користите услугата е-даночен сервис, на веб-страниците на соодветните управи за јавни приходи или данок, преку која можете да поднесете даночни пријави и други документи по електронски пат.[48] На овие страници се достапни и Инфо-Билтени каде можете да најдете дополнителни корисни информации.

---

[46] Од јануари 2008, даночната стапка на овој данок ќе изнесува 10%.

[47] За Македонија, трезорска сметка на НБРМ е 100 000000063095 а приходната шифра: 711 112.

[48] За Македонија, таа е www.ujp.gov.mk, за Србија http://www.poreskaupravars.org/

## 9.2. Данок на Додадена вредност (ДДВ)

### 9.2.1. Што е ДДВ?

Данокот на додадена вредност е општ данок на потрошувачка, кој се пресметува и плаќа на испорака на добра и пружање услуги во сите фази на производство и промет, како и при увоз.

### 9.2.2. Кој подлежи на плаќање ДДВ?

Даночен обврзник е лице кое самостојно врши промет на добра и услуги или нив ги увезува во рамките на вршењето на својата дејност и кое во текот на минатите 12 месеци остварило или проценува дека во наредните 12 месеци ќе оствари вкупен промет поголем од 2.000.000 динари во Србија, 1.300.000 денари во Македонија и 50.000 евра на Косово.

Доколку лицето остварува вкупен промет помал од горенаназначениот, тогаш тоа се смета за мал даночен обврзник и како такво не подлежи на оданочување со овој вид данок. На Косово, и ова лице може да плаќа ДДВ, но на доброволна основа.

### 9.2.3. Кога настанува даночната обврска?

Даночната обврска настанува тогаш кога ќе се изврши прометот на добра и услуги. Ако наплатата му претходи на пуштањето на добрата и услугите во промет, тогаш кога ќе се врши наплатата.

### 9.2.4. Колкава е даночната стапка?

Постојат две даночни стапки-општа стапка од 18% за Србија и Македонија, а 15% за Косово и посебна стапка која изнесува 8% за Србија, 5% за Македонија и 0 за Косово.

### 9.2.5. Постојат ли даночни ослободувања?

Да. Законите за ДДВ на земјите во кои се наоѓа микро-регионот предвидуваат одредени даночни ослободувања, меѓу кои и при увоз. Со оглед на тоа што малите даночни обрзници не се ДДВ обрзници, тие не искажуваат ДДВ во сметките за извршен промет и не водат даночна евиденција, но немаат ни право на дел од даночните ослободувања.[49]

[49] Даночно олеснување на Косово претставува и постоењето на можност за одложување на плаќањето ДДВ за шест месеци за т.н. основни производи и при започнување со работа.

### 9.2.6. **За кој период се наплаќа ДДВ?**

Даночен период е календарскиот месец и/или календарското тромесечје.

### 9.2.7. **Кои се должностите на даночните обврзници?**

ДДВ обврзници имаат должност да искажуваат ДДВ во сметките за извршен промет, да водат даночна евиденција која овозможува утврдување и контрола на даночната обврска во секој даночен период, да го пресметуваат и плаќаат ДДВ и поднесуваат даночни пријави.

### 9.2.8. **Како се пресметува ДДВ и како се плаќа?**

Во системот на пресметување и плаќање на ДДВ, фискалната сметка е основен документ во кој даночниот обврзник го пресметува ДДВ на вредност на извршениот промент и врз основа на кој тој може да оствари поврат на претходниот данок. Обврската за издавање фискални сметки постои и кога обврзникот ги наплатил добрата и услугите пред да се изврши нивниот промет (т.н. авансно плаќање), со тоа што во конечната фискалана сметка се одбиваат сите авансни плаќања во кои е содржан ДДВ.

### 9.2.9. **Кога се поднесуваат даночните пријави?**

Даночните пријави се поднесуваат во рок од 10 дена за Србија и Косово, односно 15 дена за Македонија по истекот на даночниот период на пропишаниот образец, без оглед дали обврзникот е голем или мал, а во истиот рок се врши и плаќањето.

### 9.2.10. **Што ако по основ на ДДВ уплатам повеќе отколку што е потребно?**

Ако износот на претходно платениот ДДВ е поголем од износот на даночната обврска, тогаш обврзникот има право на поврат на разликата. Но, ако не се определи за поврат, тогаш таа разлика се признава како даночен кредит. Обврзникот си го враќа ДДВ со поднесување на барање до министерството надлежно за финансии.

## *9.3.Данок на добивка*

### 9.3.1. **Кој подлежи на плаќање данок на добивка**?

Даночен обврзник е лице кое престојува на територијата на односната држава и таму остварува добивка. Тоа е лице организирано во еден од облиците во кои може да постои трговско друштво, како на пр. друштво со ограничена одговорност.

### 9.3.2. **Што претставува основа на данокот на добивка**?

Основа на овој данок е добивката на претпријатието, онака како што е прикажана во даночниот биланс. Во даночниот биланс се признаваат расходите утврдени со билансот на успех и амортизацијата на основните средства. Како расходи не се признаваат трошоците кои не можат да се документираат, исправката на вредноста на поединечни побарувања од лица кон кои претпријатието истовремено има долг, подароците, каматите заради неблаговремено плаќање даноци, придонеси и јавни давачки, паричните казни и пенали, примањата на вработените и други лица по основ на удел во добивката и трошоците кои не настанале при вршење на дејноста.

### 9.3.3. **За кој период се пресметува**?

Данокот на добивка се пресметува за периодот на една деловна година.

### 9.3.4. **Која е даночната стапка**?

Даночната стапка е пропорционална и еднообразна и изнесува 20% за Косово, 12% за Македонија и 10% за Србија.[50]

### 9.3.5. **Постојат ли некои повлатувања**?

Во Србија, на даночниот обврзник му се признава право на даночен кредит во даночниот период за износ еднаков на 100% од бруто заработувачката, односно од платите исплатени на вработените, под услов работодавачот да вработи повеќе работници на неопределено време отколку што ќе отпушти.

Во Македонија се предвидени даночни олеснувања во одредени случаи меѓу кои и кога даночниот обврзник инвестира во основните средства за вршење на дејноста, а таа инвестиција не е поголема од 100.000 евра во

[50] Од јануари 2008, даночната стапка на овој данок ќе изнесува 10%.

денарска противвредност. Доколку кај даночниот обврзник се вложени средства од странски лица му се намалува пресметаниот данок сразмерно на учеството на странскиот капитал, при што странскиот капитал мора да биде најмалку 20% од вкупно вложениот заеднички траен капитал. Ослободени од плаќање на данок на добивка за десет години се и обврзниците корисници на слободна економска зона. Исто така, даночната основа на обврзникот се намалува во висина на средствата од добивката вложени за заштита на животна средина и на природата. Во првата година кога обврзникот започнува за прв пат да се занимава со некаква дејност, пресметаниот данок му се намалува за 50%. Исто така, доколку обврзникот реинвестира дел од добивката во недоволно развиени општини од стопанска гледна точка или во специфични подрачја, даночната основица ќе му се намали до 50%. На крај, треба да се спомене дека даночните олеснувања се однесуват и на обврзникот кој прави забрзана амортизација на основните средства а при тоа остварува технолошка модернизација или придонесува за заштита на животна средина, но аморизацијата не смее да биде повеќе од 25% од утврдената стапка за амортизација.[51]

### 9.3.6. Кои должности ги има даночниот обврзник?

Даночниот обврзник е должен, врз основа на податоците од даночниот биланс и останата документација, да им поднесе на надлежните даночни органи, даночна пријава во која го пресметал данокот за период за кој истиот се утврдува. Даночната пријава се составува во согласност со сметководствените прописи и законот, со тоа што, со неа се приложуваат даночниот биланс, билансот на успехот, биланс на состојбата и извештаи за паричните текови и промените во капиталот.

### 9.3.7. Кој е рокот за поднесување на даночната пријава?

Даночната пријава во Србија и на Косово се поднесува 10 дена од истекот на рокот пропишан за поднесување на финансиски извештај, т.е. 10 март од тековната година.

Во Македонија даночниот обврзник за утврдување односно плаќање на данокот на добивка е потребно да достави образец-даночен биланс до

[51] Постои најава дека од јануари 2007, ќе се воведе целосно даночно ослободување за реинвестираната добивка во земјата.

органот за јавни приходи, за што пропишаниот рок е 28 односно 29 февруари.[52]

### 9.3.8. **Како се пресметува данокот и како се плаќа**?

Воведен е систем на самооданочуање, во кој даночниот обврзник е должен сам да го пресмета данокот во даночната пријава. По исклучок, даночната обврска и месечната аконтација ја утврдува даночниот орган, и тоа само ако обрзникот не донесе даночна пријава или се утврдат недостатоци и неправилности.

### 9.3.9. **Што ако по основ на данок на добивка уплатам повеќе од што треба**?

На даночниот обврзник му се признава право на даночен кредит во висина од 20% од извршеното вложување, со тоа што тој не може да биде повисок од 50% од пресметаниот данок за годината во која е извршено вложувањето. По исклучок, за малите претпријатија се признава право на даночен кредит во висина од 40%, со тоа што тој не може да биде повисок од 70% од пресметаниот данок за годината во која е извршено вложувањето.

### 9.3.10. **Избегнување на двојното оданочување**?

Законите за данок на добивка предвидуваат и неколку начини како да се избегне двојно оданочување на добивката. Еден од нив е кога даночниот обврзник остварил добивка во странство и во таа држава платил данок на добивка. Во таков случај, нему за тој износ му се намалува данокот на добивка што треба да го плати во сопствената држава, но тој износ не може да биде поголем од данокот што би се добил при примена на даночната стапка пропишана со законот за данок на добивка.

## *9.4. Персонален данок на доход*

### 9.4.1. **Што е доход**?

Доход претствува збир на сите приходи остварени во една календарска година кои полежат на оданочување.

[52] Овој образец може да се најде на интернет страната на управата за јавни приходи www.ujp.gov.mk

### 9.4.2. Кои приходи полежат на оданочување?

Приходи кои полежат на оданочување се личен доход,[53] приходи од земјоделство и шумарство, од самостојни дејности, од авторски и сродни права, од капитал, од недвижнини и капитални добивки.

### 9.4.3. Кој е обврзан да го плаќа овој данок?

Даночен обврзник е физичко лице кое ги остварува приходите кои подлежат на оданочување.

### 9.4.4. Која е даночната основа?

Основа на годишниот данок на доход е разликата помеѓу доходот за оданочување и личните одбитоци од просечната годишна плата исплатена на државно ниво во годината за која што се утврдува данокот според податоците за соодветниот надлежен орган за водење статистика. Тие одбитоци изнесуваат 40% за самиот даночен обврзник, додека за секој издржуван член од неговото семејство – 15%.

### 9.4.5. По која стапка се плаќа?

Личниот доход т.е. заработката се оданочува по стапка од 14%, додека годишниот доход – по стапка од 10% Србија и 15% во Македонија,[54] односно променлива даночна стапка од 0 до 20% на Косово, во зависност од висината на личниот доход.

## *9.5. Паушален данок (само Косово)*

На Косово се плаќа и уште еден вид на данок, т.н. паушален данок. Тој стапил на сила на 20 мај 200 година преку регулативата бр. 2000/29 и се плаќа на фискна квота за 7.500 евра на секои три месеци, плус 3% на бруто профитот над 7.500 евра за три месеци. Основата на овој данок е поделена на два дела, "мали" и "големи" плаќачи на данокот. Мали се оние кои остваруваат профит помал од 7.500 евра за три месеци, а големи се оние со поголем профит од 7.500 за три месеци. За малите плаќачи постои фиксна квота за плаќање, а за големите плус дополнителни 3% на остварениот профит над 7.500 евра.

---

[53] Под личен доход се смета заработката која се остварува по основ на работен однос, и надоместот кој се остварува по основ на вршење на привремени и повремени дејности по договор за дело.

[54] Од јануари 2008, даночната стапка на овој данок ќе изнесува 10%.

## *9.6. Користете сметководител!*

Даночните правила и процедури, како и начинот на даночно пресметување, пријавување и плаќање се сложени работи. Затоа, можеби ќе сакате овие работи за Вас да ги заврши стучно лице – сметководител. Искуството на стопанствениците во микро-регионот покажува дека користењето сметководителски услуги во голема мерка можат да ви го олеснат водењето на бизнисот.

Сметководителот може да ви помогне при:

1. Секојдневни книжења на деловни трансакции на Вашата фирма;
2. Изготвување на пресметки за плата;
3. Пресметување на месечен данок на добивка, данок на додадена вредност и персонален данок;
4. Комуникации со деловни банки, народна банка и други институции;
5. Девизни плаќања, отварања на акредитиви, девизни гаранции изготвување на KIP и KIO;
6. Материјална евиденција со калкулации;
7. Материјална евиденција на магацин и продавница; и
8. Евиденција на дневни финансиски извештаи;

Понатаму, во повеќето случаи, фирмите кои даваат сметководствени услуги даваат и совети во однос на законите од обласста на даноците и сметководството, данокот на додадена вредност, данок на добивка, персонален данок на доход, царините како и нивната практична примена, така што имањето сметководител не е на одмет.